АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.09.2017 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3922 | 1 | |

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

## ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

## ЗА ПЕРИОДОТ ОД 27 АВГУСТ ДО 5 СЕПТЕМВРИ 2017

## *КЛУЧНИ НАОДИ*

Во третиот извештаен период од мониторингот на изборното медиумско претставување пред почетокот на изборната кампања за Локалните избори 2017 (27 август – 5 септември) радиодифузерите продолжуваат да ја следат веќе востановената уредувачка политика.

Кај најголемиот дел од нив, квантитативно најприсутна е Владата - преку информирање за внатрешно-политичките и за надворешно-политичките активности. Од последнава сфера произлезе и настанот кој го обележа овој десетдневен период – посетата на министерот за надворешни работи на Република Грција Никос Коѕијас на Република Македонија. Овој настан беше мотив за поголем број прилози не само за време на средбите, туку и во пресрет на посетата, а дел од медиумите ја анализираа и пост фестум.

Комуникацијата на релација власт-опозиција продолжува по принципот - обвинувања и реакции/контраобвинувања. Неретко станува збор за „псевдонастани" кои потоа се преточуваат во „псевдовести". Односот на телевизиите и радијата кон ваквата матрица е ист како и во минатиот извештај, т.е. некои држат дистанца, а некои од нив ја пресликуваат.

ТВ Алфа има толкав обем на информации за една политичка опција во вестите што укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта во дневно-информативните емисии. Кај ТВ Нова ваков заклучок може да се извлече за вкупната програма, зашто Телевизијата донесе уредничка одлука директно да ги пренесува прес-конференциите на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на 3 и на 5 септември. Ваков третман не добиваат прес-конференциите на ниту еден друг субјект.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

### Телевизиски сервиси

## ПРВ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ1

### *Дневно-информативни емисии*

Во третиот десетдневен извештај од мониторингот на медиумското известување, што го опфати периодот од 27 август до 5 септември 2017 година, анализирани се вкупно десет изданија на Дневникот 2 на МРТ1 од 19 часот и 30 минути. Примерокот е сочинет од вкупно 3 часа 35 минути и 11 секунди прилози, најчесто реализирани во форма на новинарските жанрови извештај, изјава, соопштение, вест, како и едно интервју во живо, со директорот на Струшките вечери на поезијата Мите Стефоски.

Притоа, значаен дел од централната дневно-информативна емисија беше посветен на работата на централната власт за реализирање на нејзините внатрешно-политички и надворешно-политички активности и ставовите за нив од двете најголеми партии - опозициската ВМРО ДПМНЕ и владејачката СДСМ. Сепак, граѓаните беа информирани и за поширок дијапазон други теми од секојдневното живеење понекогаш преку прилози произлезени од дописниците на Јавниот сервис во земјава и во Европа. На пример, имаше поголем број прилози посветени на настани од културата (затворањето на Струшките вечери на поезијата, поетското матине на Матка, фестивалот АКТО во Битола и реактуелизирањето на дискусијата за ревитализацијата на Офицерскиот дом во овој град, учеството на два филма на македонски режисери и една копродукција на Меѓународниот филмски фестивал во Нанси и доделувањето на „Големата награда“ на овој фестивал на македонскиот филм „Еклер“, потребата да се внесе Александар Ѓаконов во историјата на македонското сликарство како прв македонски академски сликар), потоа на настани организирани по повод одбележувањето на верските празници Успение на Пресвета Богородица и Курбан Бајрам и вторите по ред Денови на мајка Тереза, како и на темата важна за секојдневното живеење на најголем дел од населението - почетокот на учебната година во основното и средното образование. Имаше и прилози за локални теми какви што се: заразата од неисправна вода во гевгелиско, квалитетот на родот на тутунот во прилепско, проектот за интегриран систем за управување со отпад, првата прилепчанка што го освоила врвот Монблан, археолошките откритија во врска со староста на манастирот Трескавец, веста за репортажата на БиБиСи за Охрид и други.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:27:59 | 13,00 | % |
| Влада на РМ | 00:45:43 | 21,24 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:56 | 5,55 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:36 | 2,14 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:34:36 | 16,08 | % |
| СДСМ | 0011:00 | 5,11 | % |
| Други субјекти | 00:32:15 | 14,99 | % |
| Без субјекти | 00:11:23 | 5,29 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:42 | 2,19 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:37 | 0,75 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:09:36 | 4,46 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:44 | 2,20 | % |
| Судство | 00:02:24 | 1,12 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:04 | 1,43 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:12 | 0,56 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:58 | 1,84 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:34 | 0,26 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:10 | 1,01 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:55 | 0,43 | % |
| Независни кандидати | 00:00:23 | 0,18 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:23 | 0,18 | % |
| | **Вкупно: 03:35:11** | **100** | % |

Погледнато по субјекти, временски најприсутна беше Владата. На домашен план, информирано беше за текот на обештетувањето на сточарите чии говеда настрадаа од болеста јазлеста кожа, одбележувањето на Денот на рударите, сознанијата за лица кои биле вработени во Генералниот секретаријат на Владата, а не доаѓале на работа, продолжувањето на рокот за легализација на дивоградбите, исполнувањето на мерките предвидени со реформскиот план 3-6-9, декласифицирањето на договорите со странските инвеститори, модернизација на инспекциските служби, мерката за бесплатен одмор за семејства со ниски приходи, двосменското работење во јавната администрација - особено во градинките, конкурсот за Новиот културен бран на Министерството за култура, новите вработувања во образованието, владиниот отчет за првите 100 дена итн.

Централниот настан во делот на надворешната политика беше возвратната посета на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас на Скопје. Беше известено за сите остварени средби со носителите на јавни функции и со лидерите на парламентарните партии, како и за активностите кои претходеа (нов состанок за мерки на градење доверба во Атина, потврдата на посетата од страна на Грција). Од билатералните теми имаше информации за посетата на владина делегација на Израел и средбите Заев-Ривлин и Заев-Нетанјаху, прилог за затворањето на прашањето околу надминатата криза во односите Македонија-Србија, како и за средбата на министерките за одбрана на Македонија и на Словенија, Радмила Шеќеринска и Андреја Катич. Од настаните поврзани со евроатлантските интегративни процеси беше информирано за Конференцијата Македонија во НАТО, на која учествуваа амбасадори на повеќе земји во Македонија, како и за посетата на европратениците Иво Вајгл, Кнут Флекенштајн и Едуард Кукан на Македонија.

При информирањето за политичките партии, како и во претходниот извештаен период, и овој пат во фокусот беа размената на меѓусебни обвинувања (преку изјави и соопштенија) на релација ВМРО ДПМНЕ – СДСМ, а за одредени прашања се произнесуваа и надлежните министерства. Вака е тематизирана состојбата во здравството, актуелизирана речиси секојдневно по повод смртта на бебиња и деца на клиниките во Скопје и во други болници низ Македонија. Во низата извештаи се тргнуваше од информациите од надлежните институции (министерот/Министерството за здравство, ГАК, Детската клиника, Државниот завод за статистика), на кои им беа сопоставени други информации (на пример, став на еден од родителите). Редовно беа пренесувани обвинувањата на сметка на министерот Арбен Таравари и премиерот Зоран Заев од страна на ВМРО ДПМНЕ и реакциите од СДСМ, која повремено се огласуваше на темава.

И во овој десетдневен период имаше низа прилози мотивирани од псевдонастани (пред сè креирани од ВМРО ДПМНЕ и СДСМ чија комуникација функционира по принципот обвинување-контраобвинување), односно претставуваат псевдовести. Примери за вакви прилози се:

- *ВМРО ДПМНЕ: Груевски: Либерализацијата ќе ја поскапи струјата,*
- *СДСМ: Граѓаните ќе заштедат преку пониските сметки,*

- *ВМРО ДПМНЕ: Рашковски прави хаос по институциите,*
- *ВМРО ДПМНЕ: СДС и СЈО ги заплашуваат судиите,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Мора да се привлекуваат странски инвестиции,*
- *Реакција, СДСМ: Фирмите работат со изедначени услови,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Владата задолжи огромни суми пари пред избори,*
- *Реакција: СДСМ: Парите на граѓаните се трошат за нив,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Опозицијата обвини за хаос во здравството,*
- *Реакција: СДСМ: ВМРО ДПМНЕ го направи хаосот во здравството.*
- *ВМРО ДПМНЕ: Македонија да остане транзитна земја,*
- *СДСМ: Нема населувања и вработувања на мигранти,*
- ВМРО ДПМНЕ: Власта ја блокира изградбата на автопатите,
- *Реакција на СДСМ: Ги решаваме напластените проблеми,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Одговорност за состојбите во здравството,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Инспекциите вршат притисок врз фирмите,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Власта го блокира проектот за нов клинички центар,*
- *Реакција СДСМ: ВМРО ДПМНЕ да сакаше ќе изградеше нов клинички*
- *ВМРО ДПМНЕ: Незаконски разрешувања на директори,*
- *Реакција: СДСМ: Заврши времето на злоупотреби*
- *ВМРО ДПМНЕ: Груевски: Во три месеца ниту една инвестиција. - ВМРО ДПМНЕ: Груевски: Не препознавам добар економски тим. - Груевски: Штетата ќе ја трпат граѓаните,*
- *Реакција СДСМ: Груевски се плаши од декласификација,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Задолжување на Владата за вработувања,*
- *Реакција СДСМ: Владата работи домаќински и одговорно,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Пензионерите не го добија ветеното покачување,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Владата сака контрола врз јавното мислење,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Владата да го запази квалитетот на наставата,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Постои опасност од затворање фабрики,*
- *Реакција на СДСМ: Лажни се заплашувањата на ВМРО ДПМНЕ,*
- *СДСМ: Карпошани дишат арсен,*
- *ВМРО ДПМНЕ: СДСМ им скрати на пензионерите 5500 денари,*
- *ВМРО ДПМНЕ: Владата на СДС безмилосно се задолжува.*

Емитуван беше и прилог „*ВМРО ДПМНЕ: Мора да се привлекуваат странски инвестиции*", за посетата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на прилепско, во кој тој зборуваше за проектите во слободните индустриски зони (дел реализирани дел во тек) поврзани со ВМРО ДПМНЕ, а беше прикажан во придружба на градоначалникот на Општина Прилеп. На овој начин, постигнувањата финансирани со јавни средства, се идентификуваат како постигнувања на партија.

Другите политички партии беа присутни преку информации за: нивните подготовки за Локалните избори, средбите со странски делегации на ДУИ и ДПА – ДР како партии од владејачката коалиција, односно активностите на парламентарните партии во Собранието, кое повторно започна со работа кон крајот на овој десетдневен извештаен период.

Локалните избори, како процес во државата кој е мотив за мониторингот што го реализира Агенцијата, сè уште не беа во фокусот на известувањето, односно имаше информации за подготвителните активности како на Државната изборна комисија (за реализирање на процесот), така и на партиите (за утврдување кандидати) и на независните кандидати (на кои во овој извештаен период им истече рокот за поднесување кандидатури). Информирано беше и за референдумот во Босилово во врска со отворањето на рудникот Иловица.

Во првата табела, меѓу другото, се забележува дека во Дневник 2, веднаш по Владата, како временски најзастапени се јавуваат субјектите кодирани како „други субјекти". Нивниот обем е со минутажа од 32 минути и 15 секунди, во кој влегуваат претставници од различни општествени области - Групацијата

за безбедност при работа, Регулаторната комисија за енергетика, Стопанска комора, претставници на регулаторни тела од Регионалната конференција на регулаторни тела за медиуми, претставници на верски заедници, тутунопроизводител, кустос, спортист и др.

Веднаш по нив, на трето место, се субјектите кодирани како „органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи", со вкупно време од 27 минути 59 секунди. Оваа минутажа произлегува од застапеноста на различни субјекти и нивни изјави во прилози поврзани со теми од културата и уметноста (затворањето на Струшките вечери на поезијата, прилог за првиот македонски академски сликар Александар Ѓаконов), здравството (крводарителската акција на Голема Богородица, двете починати бебиња на детската клиника во Скопје, граѓаните од гевгелиско кои се заразиле од неисправна вода), потоа со Агенцијата за храна и ветеринарство (во врска со изнаоѓањето на законски можности за обештетување на сточарите од јазлеста кожа), Агенцијата за финансиска поддршка и информацијата (за исплатени 6,5 милиони евра субвенции), Државен здравствен и санитарен инспекторат (за потребата од вработување на инспектори), образование (почеток на учебната година и стартувањето на специјализирана паралелка во средното училиште Михајло Пупин), Државниот завод за статистика (за објавената анализа за јануари - јули 2017), Управата за хидрометролошки работи и др.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:11 | 14,56 | % |
| Влада на РМ | 00:15:31 | 20,20 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:20 | 4,34 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:42 | 23,04 | % |
| СДСМ | 00:02:37 | 3,41 | % |
| Други субјекти | 00:11:57 | 15,55 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:41 | 0,89 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:16 | 8,16 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:00 | 1,30 | % |
| Судство | 00:00:36 | 0,78 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:20 | 1,74 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:31 | 0,67 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:20 | 0,43 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:13 | 1,58 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:07 | 1,45 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:06 | 1,43 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:22 | 0,48 | % |
| | **Вкупно: 01:16:50** | **100** | **%** |

Обемот на директните обраќања на субјектите во Дневник 2, изнесува 1 час 16 минути и 50 секунди. Најмногу отстапено време во однос на останатите субјекти има за опозициската ВМРО ДПМНЕ (17 минути и 42 секунди), која ставовите и обвинувањата упатени кон Власта и СДСМ, ги изнесуваше преку директни изјави од партиските претставници. Во таа насока, споредбено, многу помал временски обем на директни обраќања имаше СДСМ, 2 минути и 37 секунди, пред сè поради тоа што нивните реакции најчесто беа пренесени преку официјални соопштенија на партијата. На второ место по застапеност е Владата на РМ, со време од 15 минути и 31 секунда. Следат, со приближно исто време, директните обраќања на „други субјекти" (11 минути и 57 секунди) и на категоријата „органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи" (11 минути и 11 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Актуелно-информативни емисии*

Во редовниот термин на програмата на МРТ1, на 29 август, беше емитувана актуелно-информативната емисија *„Од наш агол"*. Темата беше директно поврзана со Локалните избори 2017 година и политичкиот амбиент во нашата земја, а разговор се водеше со Светлана Колариќ членка на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ. Според најавата на водителката, за дебата во емисијата бил поканет и гостин од СДСМ, но партијата и овој пат одлучила да не учествува без да ги наведе причините. Оваа емисија, во третиот десетдневен период имаше и две репризни изданија, на 30 август во попладневните часови и на 31 август, 20 минути по полноќ.

***Други програми***

Во периодот од 27 август до 5 септември 2017 година, беа емитувани неколку изданија на емисијата наменета за земјоделците *„Добра земја"*. Во нив, во агровестите, земјоделците беа информирани за актуелните мерки и активностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои можат да бидат од нивни интерес. Така, на 27 август земјоделците беа информирани за одлуката на Владата околу откупната цена на праските. На 28 август имаше три информации од МЗШВ: за почетокот на рокот за поднесување барања за директна финансиска поддршка во земјоделството проектирана на вкупно 160 милиони евра, кој трае до 15 септември; за најавата дека ќе се преиспитуваат ефектите од досегашната прераспределба на земјоделските субвенции во смисла на соодносот меѓу големите вложени средства во земјоделството и големиот увоз на храна во Македонија, и за тоа дека се разгледува која мерка да се преземе околу откупот на пченицата - дополнителни субвенции или интервентен откуп.

Во *„Добра земја"* од 28 август Министерството ги потсети лозарите дека годинава ќе добијат зголемена субвенција од 10% по хектар. Оваа емисија беше репризирана на 4 септември, во раните утрински часови.

## ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ 2 ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

***Дневно-информативни емисии***

Од Дневникот 1 на МРТ2 - Програмата на албански јазик, кој секојдневно се емитува во 18 часот и 30 минути, во третиот извештаен период (27 август до 5 септември 2017 година), анализирани беа прилози со вкупно траење од 3 часа 30 минути и 41 секунда, вообличени жанровски како извештаи, изјави, соопштенија, вести.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Влада на РМ | 00:42:11 | 20,02 % |
| Други субјекти | 00:26:54 | 12,77 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:39 | 6,48 % |
| Без субјекти | 00:27:56 | 13,26 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:08 | 5,76 % |
| СДСМ | 00:08:49 | 4,19 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:17:30 | 8,31 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:35 | 2,18 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:38 | 6,00 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:46 | 2,27 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:32 | 2,62 | % |
| ДПА-ДР | 00:03:04 | 1,46 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:11 | 1,98 | % |
| Беса | 00:02:13 | 1,05 | % |
| Судство | 00:06:31 | 3,09 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:00 | 1,42 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:34 | 0,27 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:52 | 0,42 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:12 | 3,42 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:49 | 0,39 | % |
| Независни кандидати | 00:00:22 | 0,17 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:31 | 0,72 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:22 | 1,13 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:20 | 0,64 | % |
| | **Вкупно: 03:30:41** | **100** | **%** |

Временски најмногу информации (околу 42 минути) имаше за Владата, за која се известуваше во контекст на домашните активности на премиерот и министрите/министерствата - поевтинување на електричната енергија, одбележување на Денот на рударите, ревизија на вработувањата во Генералниот секретаријат, програмата за култура „Креативна Европа", продолжување на рокот за легализација на дивоградбите, исполнување на мерките предвидени со Планот за реформи 3-6-9, Предлог-законот за употреба на јазиците, декласифицирање на договорите со странските инвеститори, модернизација на инспекциските служби, бесплатен одмор за семејства со ниски приходи, наоди од комисијата на Министерството за здравство во врска со причините за смртта на три новороденчиња на Клиниката за гинекологија и акушерство во Скопје, двосменско работење на јавните институции со акцент на градинките, почетокот на учебната година, отчетот по повод првите 100 дена Влада, црна хроника, итн.

Од настаните поврзани со надворешната политика на земјава - за посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас на Македонија се известуваше поекстензивно – во пресрет на настанот се пренесуваа ставовите и очекувањата објавени во грчките весници, а од средбите имаше и снимени извештаи и јавување во живо, се информираше и за протестите на граѓанските организации и се консултираа експертски ставови за значењето на посетата. Од билатералните односи, се известуваше за средбата на српската амбасадорка во Македонија Душанка Дивјак-Томиќ со премиерот Зоран Заев, и за посетата на делегација на македонската Влада на Израел, во рамките на која премиерот Заев се сретна со израелскиот претседател и премиер. Информирано беше за Конференцијата Македонија во НАТО, за посетата на европратениците Иво Вајгл, Кнут Флекенштајн и Едуард Кукан и средбите што ги имаа во Скопје, за регионалната конференција за безбедност која се одржа во Охрид и за ставот на Хојт Ји, заменик-помошникот државен секретар на САД за Европа и Евроазија, за македонско – бугарските односи.

Се применуваше уредувачката определба да се пренесе гласот на граѓаните преку анкети за поевтинувањето на струјата, купувањето курбан за празникот, нискиот стандард поради кој пазарџиите за празникот продале помалку, што мислат за тоа што СДСМ во Арачиново кандидираше Албанка за градоначалничка и генерално што им порачуваат на политичките партии за тоа кои се нивните проблеми на локално ниво, за законите за зголемување на платата и за укинувањето на радиодифузната такса, трошоците за почетокот на училишната година, фрлањето црна боја врз портрет на Мајка Тереза и други прашања (од овие прилози произлегуваат речиси 28 минути од методолошката категорија „без субјекти").

Имаше бројни прилози за активности и настани поврзани со одбележувањето на верските празници Курбан Бајрам (вклучувајќи и информации за пристигнувањето на аџиите во Мека, празничните молитви, делењето курбанско месо на социјално загрозените семејства), како и за Успение на Пресвета Богородица и за годишнината од прогласувањето на Мајка Тереза за светица. На дел од овие прилози се должат речиси 27 минути отстапени за субјектите категоризирани како „други субјекти", бидејќи оваа категорија ги опфаќа и верските заедници. Освен нив, во оваа категорија се и Државната комисија за спречување корупција, Регулаторната комисија за енергетика, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, странските медиуми, адвокати, Групацијата за безбедност при работењето на стопанската комора, ЕВН итн.

Беа пренесени критиките и обвинувањата од најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ на сметка на актуелната власт, како и одговорите од владејачката СДСМ или од надлежните министерства/органи. И на МРТ2 имаше прилози произлезени од партиски изјави и соопштенија со реакции и контрареакции од ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, односно псевдовести како резултат на псевдонастани. Примери за ваквата практика се:

- *ВМРО-ДПМНЕ: Наместо да се поевтини, ќе се поскапи енергијата,*
- *ВМРО-ДПМНЕ: Владата купува цвеќе наместо капитални проекти, СДСМ: Го подобруваме стандардот на граѓаните,*
- *ВМРО-ДПМНЕ: СДСМ и СЈО, притисок врз судиите и ДИК,*
- *ВМРО-ДПМНЕ: Умираат бебиња, никој не сноси одговорност,*
- *ВМРО-ДПМНЕ: Владата врши притисок врз компаниите,*
- *Градењето на новиот клинички центар во Скопје ВМРО: СДСМ нема поставено ни камен, СДСМ: ВМРО со години ги лаже граѓаните,*
- *Груевски: Да продолжат странските инвестиции во Македонија,*
- *ВМРО-ДПМНЕ: СДС ги скрати пензиите на 300 илјади пензионери.*

Во времето за ВМРО ДПМНЕ влегува и информацијата од прес-конференција на иницијативата за реформи на партијата. Се известуваше и за другите политички партии (ДУИ, ДПА-ДР, Беса, ДПА) како и за независните кандидати. Со завршувањето на одморот на пратениците, започнаа и партиските активности во Собранието.

МРТ 2 ги внесе во фокусот на граѓаните Локалните избори преку секојдневни прилози, и тоа не само од аспект на активностите на ДИК (бројот на независни кандидати кои поднеле кандидатури, реализирање активности според Роковникот за изборите, 700 набљудувачи на изборите во 2016 година не добиле хонорар) и подготовките на партиите да истакнат свои кандидати за градоначалници, туку и преку експертски ставови за тоа какви треба да бидат кандидатите и кои се потребите на граѓаните на локално ниво.

Како што покажува распределбата на времето во Табела 1, експертите беа консултирани на повеќе теми, а позначајно време имаше и за категоријата органи на државната управа, односно јавни претпријатија и установи, што се должи на информации за проблемите со основните училишта, известувања од болниците, инспекциските служби, МЕПСО и сл.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:10:33 | 19,60 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:01 | 9,32 | % |
| СДСМ | 00:01:44 | 3,22 | % |
| Други субјекти | 00:09:27 | 17,56 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:07:08 | 13,25 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:22 | 2,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:38 | 10,47 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:01 | 1,89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:54 | 3,53 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:01 | 1,89 | % |
| Судство | 00:00:22 | 0,68 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:17 | 4,24 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:26 | 6,38 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:42 | 1,30 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:40 | 1,24 | % |
| Беса | 00:00:18 | 0,56 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:27 | 0,84 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:21 | 0,65 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:27 | 0,84 | % |
| | **Вкупно: 00:53:49** | **100** | **%** |

Како што покажува Табела 2 позначајно време за директни обраќања имаа претставниците на Владата и другите субјекти.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Во периодот од 27 август до 5 септември 2017 година, беа емитувани две интервјуа. На 29 август беше репризирано интервјуто со министерот за здравство Арбен Таравари, реализирано на крајот на јуни годинава, во кое тој зборуваше за активностите на Министерството за здравство и промените кои ќе ги направи. Ден подоцна, во емисијата „Малку повеќе" гостуваше министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски кој говореше за позицијата на Македонија во однос на развојот на ИКТ технологиите.

## Радио сервиси

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС

### *Дневно-информативни емисии*

Третиот извештај се однесува на периодот 27 август – 5 септември, а се опфатени десет изданија на централното дневно-информативно издание на вестите на Првиот програмски сервис на Македонското радио. Осум од изданијата се однесуваат на Пладневниот радиовесник што се емитува од понеделник до сабота во 15 и 30 часот, и две изданија насловени Дневни новости, емитувани во недела во 14 часот. Вкупното времетраење на анализираните прилози во десетте изданија вести е 3 часа 35 минути и 54 секунди.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| Македонско радио – Прв програмски сервис<br>Политички субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:14:44 | 6,83 | % |
| Влада на РМ | 01:02:37 | 29,00 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:18 | 4,77 | % |
| СДСМ | 00:07:41 | 3,56 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:14:37 | 6,77 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:14 | 6,60 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:19 | 0,15 | % |
| Други субјекти | 00:32:28 | 15,04 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:40 | 0,77 | % |
| Собрание на РМ | 00:09:06 | 4,21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:46 | 0,36 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:04 | 8,37 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:38 | 1,22 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:03 | 6,04 | % |
| Судство | 00:02:06 | 0,98 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:15 | 1,51 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:46 | 0,36 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:51 | 0,39 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:33 | 1,65 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:35 | 0,73 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:03 | 0,48 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:30 | 0,23 | % |
| | **Вкупно: 03:35:54** | 100 | % |

Неколку теми за коишто известува медиумот во овој трет извештаен период придонесуваат Владата како субјект да биде најзастапена во рамки на вестите на Првиот програмски сервис на Македонското радио. Станува збор, пред се за прилози поврзани со нашата надворешна политика, за неколкуте средби што владините претставници ги имаа со странски политичари во нашата земја или надвор од неа. Тука пред се се мисли на известувањето за посетата на министерот за надворешни работи на Грција Никос Коѕијас на Македонија и средбите со министерот за надворешни работи, премиерот Зоран Заев и вицепремиерот Бујар Османи. Медиумот во континуитет известуваше за подготвителните активности на Владата за средбата и за договореното од средбата. На програмата на Македонското радио беа проследени и средбите на премиерот Зоран Заев во рамки на посетата на Израел со неговиот колега

Бенјамин Нетанјаху и израелскиот претседател. Извести и за посетата на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска на Словенија и средбата со министерката за одбрана на Словенија, како и за учеството на министерот за надворешни работи, Никола Димитров на конференцијата на министрите од Југоисточна Европа која се одржа во Блед, Словенија. Информациите за средбите на вицепремиерот Бујар Османи со францускиот амбасадор во Скопје и со директорот на фондацијата Конрад Аденауер, ја комплетираат листата на остварени средби на владините претставници за кои извести радиото во своето централно дневно-информативно издание. Почетокот на учебната година, беше уште една од темите што беше позастапена во вестите на медиумот и што придонесе за застапеноста на субјектот Влада. Во овој контекст Првиот програмски сервис извести за одлуката на Владата да бидат одобрени нови вработувања во училиштата каде недостасува наставен кадар, за посетата на министерката за образование Рената Дескоска на повеќе училишта во Куманово, за нејзините пораки по повод почетокот на училишната година, за вклучувањето на претставниците на помалите етнички заедници во високото образование, сместувањето во студентските домови.

Застапеноста на Владата ја чинат и известувањата поврзани со: одлуката за продолжување на рокот за легализација на бесправно изградените објекти, подготовката на буџетот за 2018 година, смртта на две деца на Клиниката за детски болести, конференцијата во Скопје „Македонија кон целосно членство во НАТО" со учество на министерот за надворешни работи, реализацијата на владиниот план „3-6-9", декласификацијата на договорите со странските инвеститори во Македонија, посетите на министерот за внатрешни работи на полициските станици во Македонија, празничните честитки на премиерот Зоран Заев упатени по повод верските празници Голема Богородица и Курбан Бајрам и др.

Медиумот ги пренесе и соопштенијата на ресорните министерства поврзани со: воведувањето на ново работно време во градинките, проектот за финансирање на млади земјоделци, обезбедени средства за подобрување на водоснабдувањето во повеќе општини, денот на рударите и др.

Исто како и во претходниот извештај, второ и трето застапени субјекти во рамки на анализираните прилози во вестите на Првиот програмски сервис на Македонското радио – Радио Скопје, се субјектите кодирани како „други" и „амбасадори/меѓународни организации/странски политичари". Застапеноста на последниве се должи на известувањата за остварените средби на странски политичари со наши претставници (посетата на Коsијас, средбите во Израел, посетата на министерката за одбрана на Словенија и др.).

Четири субјекти имаат временски приближно еднаква застапеност, која статистички изразена изнесува по 6% од времето во вестите. Станува збор за „без субјекти", политичката партија ВМРО ДПМНЕ, органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи и претставниците на граѓанскиот сектор.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио – Прв програмски сервис | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:08:37 | 16,44 | % |
| Влада на РМ | 00:20:25 | 38,96 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:22 | 0,70 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:29 | 0,92 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:09 | 7,92 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:49 | 9,19 | % |
| Судство | 00:00:35 | 1,11 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:32 | 6,74 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:47 | 3,40 | % |
| СДСМ | 00:00:30 | 0,95 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:17 | 0,54 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:02 | 3,88 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:50 | 3,50 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:57 | 3,72 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:00:24 | 0,76 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:39 | 1,24 | % |
| | **Вкупно: 00:52:24** | 100 | % |

На трите првозастапени субјекти од првата табела, им припаѓаат повеќе од 3/5 од времето на директните обраќања. Владата и тука има најголема застапеност (20 минути и 25 секунди), а следуваат „други субјекти" и амбасадори/меѓународни организации/странски политичари.

***Посебни информативни емисии***

*Друга информативна програма*

Двочасовниот информативен појас насловен „Актуелно", што се емитува секој работен ден на програмата на Првиот програмски сервис на Македонското радио, покрај освртите на настаните коишто го одбележале денот, пренесени во рубриката „Тема на денот", и кадешто најчесто вниманието е на главните два-три настана пренесени и во изданието на Пладневниот радиовесник, содржи и програмски блок во којшто се емитуваат разговори или тонски парчиња со соговорници на актуелни теми од општествено-политичкиот живот. Така, во анализираниот трет извештаен период се емитувани разговори со Славчо Ковилоски од Институтот за македонска литература, за значењето на Крсте Петков Мисирков и неговите дела за македонската литература, добитникот на наградата „Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата, Михаил Ренџов и со Љупчо Давчев, директор на Институтот за стандардизација.

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

***Дневно-информативни емисии***

Вкупното времетраење на анализираните прилози во третиот извештаен период на Програмата на албански јазик при Македонското радио е 2 часа 7 минути и 34 секунди. Анализата се однесува на десетте изданија на вестите што медиумот ги емитуваше во 16 часот, во периодот од 27 август до 5 септември. Застапени се претежно информативните новинарски жанрови: вест, вест во низа, извештај.

Тематски во овој извештаен период доминираат прилозите посветени на средбите што владините претставници ги имаа во анализираните десет дена. Оттука и Владата по трет пат се јавува како најзастапен субјект во вестите на радиото, заземајќи повеќе од една третина од вкупното траење на анализираните прилози. Медиумот посвети значително време на посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас на нашата земја и средбите со македонскиот колега Никола Димитров, како и со другите претставници од македонскиот државен врв. Известуваше за очекувањата од средбата во очи на нејзиното одржување, како и за самата средба и договореното на неа. Медиумот, простор во своите изданија на централните вести одвои и за посетата на премиерот Зоран Заев на Израел и средбите со премиерот Нетанјаху и израелскиот претседател. Ги проследи и средбите на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска со нејзината колешка од Словенија, како и учеството на министерот за надворешни работи Никола Димитров на министерската конференција во Блед, Словенија и средбата што ја имал со високата претставничка на Европската унија, Федерика Могерини.

Почетокот на учебната година беше уште една од темите што придонесе за застапеноста на субјектот Влада во вестите на Програмата на албански јазик при Македонското радио. Медиумот извести за активностите на министерката за образование Рената Тренеска Дескоска и на заменик министерот за образование, Висар Ганиу, што ги имале по повод почетокот на школската година (средби, посети на училишта и др.).

Застапеноста на Владата како субјект ја чинат уште прилозите посветени на: потрагата на МВР по поранешните вработени на УБК кои се бараат по налог на судот, поставувањето на тројазични табли во

Клинички центар во Скопје, подготовките на буџетот за 2018 година, најавите за бесплатен одмор за семејствата со ниски примања, Законот за јазиците, декласификацијата на документите на странските инвеститори, честитките на владините претставници по повод празникот Курбан Бајрам и денот на рударите и др.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Без субјекти | 00:15:15 | 11,95 | % |
| Други субјекти | 00:16:49 | 13,18 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:46 | 0,60 | % |
| СДСМ | 00:02:51 | 2,24 | % |
| Влада на РМ | 00:44:39 | 35,00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:58 | 6,24 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:13 | 0,96 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:05 | 2,42 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:03 | 0,82 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:03 | 0,82 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:04:00 | 3,14 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:33 | 2,78 | % |
| Судство | 00:02:03 | 1,61 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:32 | 1,20 | % |
| ДУА - Демократска унија на Албанците | 00:00:51 | 0,67 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:08 | 3,24 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:26 | 4,27 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:06 | 3,22 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:20 | 2,62 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:13 | 1,74 | % |
| Беса | 00:00:28 | 0,37 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:11 | 0,92 | % |
| | **Вкупно: 02:07:34** | 100 | % |

Со приближно еднакво време од по 15-16 минути, како второ и третозастапени субјекти во вестите се појавуваат субјектите кодирани како „други субјекти" и „без субјекти". За застапеноста на вторите (без субјекти) најмногу придонесуваат прилозите за одбележувањето на муслиманскиот празник Курбан Бајрам, но и прилозите поврзани со почетокот на учебната година, каде дел од прилозите се учениците или за нив се говори.

Веќе споменатите теми за коишто медиумот информираше во извештајниот период (средбите на владините претставници со странски политичари), придонесуваат за застапеноста на субјектите методолошки кодирани како „амбасадори/меѓународни организации/странски политичари".

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио – Програма на албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:02:50 | 20,09 | % |
| Влада на РМ | 00:05:46 | 40,90 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:27 | 3,19 | % |
| ДУА - Демократска унија на Албанците | 00:00:26 | 3,07 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:29 | 3,43 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:24 | 9,93 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:22 | 2,60 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:41 | 4,85 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:26 | 3,07 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:45 | 5,32 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:30 | 3,55 | % |
| | **Вкупно: 00:14:06** | 100 | % |

Емитуван е мал обем директни обраќања на субјектите, во вкупно времетраење од 14 минути и 6 секунди. Две петтини од тоа време е одвоено за директните обраќања на Владата (5 минути и 46 секунди).

# ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

## Терестријални телевизии

## ТВ АЛСАТ-М

### *Дневно-информативни емисии*

Вкупно време од – 3 часа и 46 минути, опфатено е и анализирано од ТВ Дневникот на Алсат – М емитуван од 19 часот. Основната тема – „локалните избори", во овој, т.н. „предизборен период", беше проследена преку вести и извештаи за зачестените партиски (не)официјални градоначалнички кандидати, за поделбите во албанскиот политички блок и најавата за нови можни коалицирања според интересот во одредени единици на локалната самоуправа, но, ТВ Алсат-М оваа тема ја обработи и преку аналитички прилози, со приказ на експертски мислења за потребниот профил на првите луѓе на локалната самоуправа, како и со проценки за клучните точки на политичките изборни соочувања.

Повеќепати повторуваните теми – во прв ред поради повторливите проблеми со субстандардната локална инфраструктура, и посебно – акутните проблеми со пожарите и со депониите во Тетово и во Струга, Телевизијата во овој период од предизборието ги анализираше и од аспект на политичката одговорност и од еколошки (граѓански) аспект (*колоритна илустрација за овој пристап доаѓа посредно, преку прилог во кој е нагласена една лапидарна, локална протестна парола – „Струга – една вечер поезија, 365 дена депонија"*). Медиумот континуирано се обидува проблемите на граѓаните од различни делови на локалната самоуправа да ги презентира – автентично, така што ќе го нагласи личниот став на локалното население (*пример е прилогот за учениците од населбата Барди, Чучер-Сандево, што и оваа година, токму поради нерешени инфраструктурни проблеми, образованието ќе го продолжат на Косово*). Со ваков уредувачки пристап – да се става нагласка врз натрупаните проблеми што постојано, со години се одложуваат и од централната и од локалната власт, беше обработен и првиот ден од новата учебна година. ТВ Алсат – М објективно ги прикажа несогласувањата на СОНК и на одредени скопски градоначалници за владината одлука градинките да работат во две смени, а преку експертски видувања се осврна и врз повеќекратно проблематичните содржини на некои учебници за основно образование, било поради грешки во преводот, било поради лоши графички решенија што не кореспондираат со наставната содржина, било поради потребата од ревизија на одредени општествени и политички дефиниции. Во прилог на локалните теми, Телевизијата емитуваше и осврт кон противречноста помеѓу политичките ветувања и нивната реализација – веќе промовираниот скопски плоштад „Скендербег", а недовршените градежни работи, ги анализираше низ призма на потребата од политичка самопромоција на актуелното раководство на Општина Чаир, непосредно пред локалните избори.

Организациските работи во врска со изборниот процес беа проследени преку активностите на Државната изборна комисија – најнапред барањата за промена во составот на Комисијата (пред сè поради барањето на БЕСА да добие еден член), потоа отворените проблеми со непрочистеноста на единствениот Избирачки список и екипирањето на локалните изборни одбори, но и верификацијата на досега поднесените кандидатури за градоначалници и за општински советници.

Освен времето отстапено за вести, за извештаи и за осврти од работата на Владата, најзастапена статистичка ставка се т.н. - „други субјекти", под која се опфатени информациите за независни регулаторни тела, претставници на приватниот бизнис-сектор, лица инволвирани во судски процеси, агенции за истражување на јавното мислење.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Без субјекти | 00:16:27 | 7,28 | % |
| Влада на РМ | 00:44:26 | 19,67 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:40 | 1,18 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:04:50 | 2,14 | % |
| Други субјекти | 00:37:54 | 16,77 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:29 | 7,74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:38 | 3,82 | % |
| Граѓански сектор | 00:16:23 | 7,26 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:02 | 4,44 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:49 | 1,69 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:47 | 3,44 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:49 | 1,24 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:05 | 0,48 | % |
| Беса | 00:04:52 | 2,16 | % |
| СДСМ | 00:04:56 | 2,18 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:22 | 0,61 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:04:27 | 1,97 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:24 | 4,60 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:18 | 2,79 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:48 | 3,01 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:17 | 0,57 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:52 | 0,83 | % |
| ДПА-ДР | 00:04:19 | 1,91 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:22 | 0,16 | % |
| Независни кандидати | 00:00:55 | 0,40 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:57 | 0,42 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:26 | 0,19 | % |
| Унитети | 00:00:26 | 0,19 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:00 | 0,44 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:53 | 0,39 | % |
| | **Вкупно: 03:45:56** | 100 | % |

Иако во извештајов на прво место е ставена методолошки најважната тема – „локалните избори", односно, најпред – новинарскиот приод кон настаните и случувањата од таа тематска област, сепак, според актуелноста и според општествено-политичките димензии, во десетдневниот период најзначајна се покажа билатералната средба меѓу Коѕијас, министерот за надворешни работи на Република Грција, и Димитров, неговиот колега од македонската страна. Освен вестите и извештаите за оваа средба, Телевизијата понуди и стручни политиколошки гледишта, поврзувајќи ја со евро-атлантските заложби на Република Македонија, но и со реалната корист од меѓувладините, заеднички седници на земјите од т.н „Западен Балкан". Во ваква констелација, медиумот го прикажа и ставот на претставници на европската заедница. На самиот крај, пак, на овој период од мониторингот, беа емитувани извештаи за отчетот на Владата по 100 дена од работата, и за почетокот на парламентарната расправа за Законот за употребата на јазиците.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Експерти/аналитичари | 00:09:53 | 16,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:03 | 10,32 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:14 | 7,22 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:04 | 3,52 | % |
| Други субјекти | 00:09:46 | 16,66 | % |
| Влада на РМ | 00:08:30 | 14,50 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:23 | 2,36 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:30 | 5,97 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:40 | 6,25 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:59 | 1,68 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:57 | 3,33 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:29 | 2,53 | % |
| Беса | 00:01:07 | 1,90 | % |
| СДСМ | 00:01:05 | 1,85 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:20 | 0,57 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:31 | 2,59 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:08 | 0,23 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:21 | 0,60 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:19 | 0,54 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:19 | 0,54 | % |
| | **Вкупно: 00:58:38** | 100 | % |

Навраќајќи се на годинашните настани од априлското насилство во Собранието, подвлекувајќи ја притоа постојната статус кво состојба со кривичната и со правно-политичката одговорност на одредени актери од тој настан, ТВ Алсат-М низ вести во низа и низ посебен осврт го следеше случајот на Горан Грујовски, некогашниот началник од УБК, сè уште во бегство по основната пресуда за затворска казна. Со опширни прилози, Телевизијата ги проследи и завршните искази во случајот од кумановското „Диво насеље". Кривично-правната, односно, пошироко речено – судска проблематика, беше проследена со вести и со коментаторски интонирани извештаи за оставката на Аневски од позицијата претседател на Советот на јавните обвинители и за изборот на Штерјев на неговото место, потоа – соочувањето на аргументите на Владата и на Антикорупциската комисија, во случајот со тужбите покренати против група административци што добивале плата без да работат, како и полемиката настаната на релација Влада / ВМРО ДПМНЕ, по одлуката да се декласифицираат договорите со странските инвеститори.

## ТВ АЛФА

### *Дневно-информативни емисии*

Во извештајниот период од 27 август до 5 септември, се опфатени десет изданија од Вестите на ТВ Алфа емитувани секојдневно во 17 часот и 30 минути. Вкупното времетраење на анализираните прилози во десетдневниот период е 4 часа 25 минути и 19 секунди, главно обработени низ основните жанровски форми на извештаи и вести, коментаторски извештаи и еден новинарски осврт. Во рамки на вестите се емитувани и четири интервјуа: со амбасадорот на Унгарија во ЕУ, Георг фон Хабсбург, две со претставници на политичкиот субјект ВМРО ДПМНЕ (Славчо Трпески, член на ИК на партијата и Христијан Делев, поранешен заменик-министер за економија) и со актуелниот градоначалник на Скопје, Коце Трајановски.

Според отстапениот простор во прилозите од вестите, доминантно време и во овој трет по ред извештаен период е одвоен за ВМРО ДПМНЕ (1 час 19 минути и 19 секунди), што е безмалку една третина од вкупното време на вестите. Голем дел од ова време произлегува и натаму од креираните псевдонастани кои резултираат со псевдовести. На некои од тврдењата во псевдонастаните беа спротивставени ставови од Владата или од СДСМ (2 минути и 55 секунди), но сепак, разликата во отстапеното време е толкава што укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта и мислења.

За временската застапеност на политичката партија придонесуваат и двете одвоени интервјуа реализирани во рамки на вестите, со претставници на партијата, чиешто вкупно времетраење е 20 минути и 4 секунди, што е една четвртина од вкупното време посветено на ВМРО ДПМНЕ во вестите. Гости во студиото на ТВ Алфа беа членот на Извршниот комитет на партијата Славчо Трпески и Христијан Делев, поранешен заменик-министер за економија. Со претставникот на ИК се разговараше за партиските ставови по прашањата поврзани со најавите за покачување на пензиите, либерализацијата на пазарот на електрична енергија, новите мерки во Катастарот, а со поранешниот заменик-министер од редовите на ВМРО ДПМНЕ се разговараше за странските инвеститори во Македонија, декласификацијата на нивните договори и најавите дека некои од нив ќе се повлечат од Македонија. Во рамки на времето одвоено за

ВМРО ДПМНЕ (1 час 19 минути и 19 секунди) не е сметано интервјуто со градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски (10 минути), којшто е претставник на истата партија. Разговорот со него е кодиран како дел од субјектот Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ).

Медиумот емитува прилози за посетите на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски на неколку општини, при што вршеше увид во градежни работи или говореше за проекти од програмата на ВМРО ДПМНЕ кои биле реализирани или се во фаза на реализација и во дел од прилозите е видливо дека тоа го прави во присуство на градоначалниците на тие општини. Во рамки на истите прилози, покрај за локалните активности одвоен е значителен простор за изнесување на ставот на партискиот лидер по одредени актуелни социјално-економски прашања: („Груевски: Либерализацијата ќе ја поскапи струјата", „Груевски: Намалувањето на индустриското производство е потврда дека економијата не оди во добар правец", „Груевски: Поради односот на Владата, губиме 60 фирми кои сакаат да вложат во Македонија, можност за 25 000 вработувања", „1500 вработувања во прилепската индустриска зона, во Прилеп се градат патишта со пари од времето на владеењето на ВМРО ДПМНЕ").

Значителен простор во вестите е одвоен и на две прес-конференции на претседателот на партијата („Груевски: СДСМ и Заев водат погубна политика кон странските инвестиции", „Обраќање на Никола Груевски по повод 100 дена Влада на СДСМ").

Тематски гледано ТВ Алфа во третиот извештаен период најмногу простор одвои за прилозите посветени на смртните случаи на деца од Охрид, Струга и на Клиниката за детски болести во Скопје. Во најчест случај станува збор за коментаторски извештаи, во кои се пренесени и изјавите на претставници од надлежните здравствени институции (охридска болница, Клиника за детски болести, Комисија при министерство за здравство). Во рамки на овие прилози или во продолжение на нив, редовно е пренесен и ставот на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, во врска со конкретните прашања, поврзани со смртните случаи, или за други прашања поврзани со здравството. Во рамки на овие прилози како субјект се појавува и ресорниот министер односно Владата, но пред се преку повикување на објавите на министерот на неговиот фејсбук профил или преку критичкиот став што самиот медиум го гради кон него или кон Владата како виновни за последиците и состојбите во здравството.

Второзастапен субјект и во третиот извештаен период останува Владата. Покрај за темите поврзани со смртта на децата, Владата е присутна и поради посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас на нашата земја и средбите што ги имаше со министерот за надворешни работи Никола Димитров. Медиумот извести и за посетата на Премиерот Зоран Заев на Израел. Владата е дел и од прилозите посветени на одлуката за двосменско работење на градинките, при што по ова прашање покрај ставот на СОНК и некои општини кои се изјасниле против овој принцип на работа, е пренесен и ставот на ресорната министерка Мила Царовска. Почетокот на учебната година е уште една тема во која се појавува Владата преку изјавите на министерката за образование и средбите и активностите што ги имала по тој повод (посети на училишта, средби). Информациите за подготовките поврзани со прославата на независноста, отчетот на Владата по повод 100 дена власт, полициските билтени за сторени кривични дела на граѓани, ја комплетираат застапеноста на Владата како субјект во вестите на ТВ Алфа.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ Алфа<br>Политички субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:14:48 | 5,58 | % |
| Без субјекти | 00:19:15 | 7,26 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 01:19:19 | 29,89 | % |
| Влада на РМ | 00:34:25 | 12,97 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:22 | 1,27 | % |
| СДСМ | 00:02:55 | 1,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:32 | 5,10 | % |
| Граѓански сектор | 00:25:19 | 9,54 | % |
| Други субјекти | 00:27:26 | 10,34 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:21 | 3,90 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 00:02:52 | 1,08 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:48 | 0,68 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:13:13 | 4,98 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:03:13 | 1,21 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:01 | 0,38 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:38 | 0,62 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:40 | 1,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:49 | 0,31 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:04 | 0,40 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:39 | 0,62 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:05 | 1,16 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:34 | 0,21 | % |
| | **Вкупно: 04:25:19** | 100 | % |

И во овој извештаен период медиумот посветува значително време на Нацрт-стратегијата за интеграција на бегалци и на странци на Владата преку известувањето за активностите на граѓанското здружение „Будење", кое собира потписи против таа Нацрт-стратегија. Прилозите се надополнети со расправите на советите на некои општини во Македонија, кои и распишаа референдуми против населувањето на бегалци на нивна територија, поттикнати од иницијативата на граѓанската организација „Будење". При известувањето на активностите на „Будење" медиумот ги пренесува само ставовите на активистите или нејзините подржувачи, но не и официјалните ставови по прашањата поврзани со бегалците. Но, при известувањето од работата на општините каде се водела расправа околу распишаните референдуми, пренесени се ставови и на советниците кои се за референдум (најчесто од редовите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ) и на тие кои се против (најчесто од Коалицијата предводена од СДСМ).

Граѓанскиот сектор е застапен и поради прилозите поврзани со активностите на некои синдикални организации (ССНМ, СОНК), активностите на Црвен крст, протестниот марш на здружението „Тврдокорни", Здружението за заштита на правата на работниците „Гласно" и др.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Алфа | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:13 | 6,14 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:50:19 | 42,83 | % |
| СДСМ | 00:00:36 | 0,51 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:08 | 6,07 | % |
| Влада на РМ | 00:11:06 | 9,45 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:44 | 9,14 | % |
| Други субјекти | 00:06:32 | 5,56 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:55 | 4,19 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:04 | 0,91 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:28 | 1,25 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:09:41 | 8,24 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:38 | 1,39 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:26 | 0,37 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:41 | 0,58 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:12 | 1,02 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:33 | 0,47 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:56 | 0,79 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:57 | 0,81 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:19 | 0,27 | % |
| | **Вкупно: 01:57:28** | 100 | % |

Повеќе од две петтини (50 минути и 19 секунди) од вкупното време за директни обраќања (1 час 57 минути и 28 секунди) е одвоено за ВМРО ДПМНЕ. Во однос на застапеноста на субјектот во првата табела (1 час 19 минути и 19 секунди), времето одвоено за директни обраќања на ВМРО ДПМНЕ зафаќа 63% од присутноста на субјектот во вестите на ТВ Алфа. Според одвоените времиња за директни обраќања, редоследот може да се каже ја следи застапеноста од првата табела, па така следуваат Владата, претставниците на граѓанскиот сектор, претставниците на локалната самоуправа предводена од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ итн.

***Посебни информативни емисии***

*Друга информативна програма*

Тема на контактно-информативната емисија „Збор по збор" од 30 август, на којашто граѓаните можеа да го искажат своето мислење директно во програмата на ТВ Алфа, беше „Дали институциите треба да работат во две смени?", со цел да се чуе мислењето на гледачите по повод иницијативата предложена од Владата. Наредниот ден, во раните утрински часови, емисијата беше репризирана.

## ТВ КАНАЛ 5

***Дневно-информативни емисии***

Од 27 август до 5 септември со анализа се опфатени вкупно 4 часа и 27 минути информативно време емитувано во ТВ Дневникот од 18 часот. Вестите и извештаите од внатрешнополитички теми, одделно како обликувана новинарска целина, траат просечно по ефективен половина час. Во посочениот календарски период, главна тема, разработена преку различен жанровски пристап, беше билатералната средба меѓу министрите за надворешни работи на Грција – Коѕијас, и на Македонија – Димитров. Освен вестите (во низа) и извештаите од официјалната прес-конференција по повод настанот, ТВ Канал 5 ја прошири темата преку прилози за можниот „нов елан" во меѓународната политика на Република Македонија, проследувајќи ги и одгласите на грчките медиуми, а потоа и средбите на премиерот Заев со државниот врв на Израел, и владината постапка околу враќањето на персоналот на српската амбасада по затегнатите односи со Република Србија. На последниот ден од овој период определен за мониторинг, со извештај беше проследен отчетот на Владата по 100-те дена од работењето, последователно и опозициските критики на ВМРО ДПМНЕ, и почетокот на парламентарната расправа за Законот за употребата на јазиците.

Предизборието на распишаните локални избори, ТВ Канал 5 редовно го следеше преку соопштенија на политичките партии што веќе промовираат (не)официјални кандидати за градоначалници, потоа преку претпоставки за нови можни коалиции за одредени единици на локалната самоуправа, и преку новонастанатата ситуација во постојните коалиции на албанските партии. Инаку, од тековните владини политики што директно ја засегаат и работата на локалната самоуправа, беше проследено воведувањето двосменско работење во градинките, при што беа презентирани и спротивставените ставови на Синдикатот за образование и наука, но и на некои сè уште актуелни градоначалници.

Во десетдневниот период на анализата, како посебно важна тема за информативната редакција на ТВ Канал 5 се издвои – „црната медицинска статистика", новинарски нагласена со компаративен осврт кон официјалните бројки за зголемената смртност на новороденчиња, односно кон дисфункционалноста на Гинеколошко-акушерската клиника, но и воопшто - кон лошите услови во македонското здравство.

Значаен дел од ТВ Дневникот беше отстапен за пригодни информативно-репортажни прилози за прославите на Голема Богородица и на Курбан Бајрам. Новинарскиот пристап, пак – јавно да се проговори од позиција на граѓанин непосредно засегнат од социјалните политики на државата, пристап што прави контраст од известувањето за формалните, редовни политички настани и задолженија на органите на државната управа, преку репортажа поттикна самоорганизирана хумана акција во прилог на лице од маргините на општественото живеење.

Судството, односно – судскиот систем, исто така беше потенцирана тема, при што се издвоија – оставката на Аневски и изборот на Штерјев за претседател на Советот на јавните обвинители, потоа – најавената смена на петмина судии од Судскиот совет, и – назначувањето вршител на должност за позицијата Јавен обвинител. За последнава поттема, ТВ Канал 5 ги презентираше ставовите на Звонко Давидовиќ и на Александар Наков, двајцата потенцијални кандидати за таа судска позиција.

Од внатрешнополитичкиот делокруг на Владата, проследени беа: континуираната, повеќенеделна потрага по бегалецот Горан Грујовски, поранешен началник во УБК, декласификацијата на договорите со странските инвеститори, и одлуката да се покренат тужби против одреден број вработени во државната администрација што земале плата без да работат. Ваквата владина одлука, пак, резултираше со прилози во кој е содржан и одговорот од Антикорупциската комисија која застана во одбрана на тужените.

Во статистичката категорија – „други субјекти", покрај пренесени ставови од странски медиуми, потоа лица опфатени/ангажирани во судски процеси, организаторски работи околу верски празници, бизнис секторот, изјави на кандидати за Јавен обвинител, влегоа и промотивни прилози на ТВ Канал 5 за своја музичка реална-шоу програма, на кои им беше даден приоритет во едно издание на вестите од 18 часот.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:26:24 | 9,88 | % |
| Влада на РМ | 01:15:32 | 28,27 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:03 | 6,01 | % |
| Беса | 00:03:22 | 1,26 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:37 | 2,10 | % |
| Без субјекти | 00:15:37 | 5,84 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:55 | 8,58 | % |
| СДСМ | 00:19:36 | 7,34 | % |
| Други субјекти | 00:35:17 | 13,21 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:06 | 1,53 | % |
| Претседател на РМ | 00:05:42 | 2,13 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:41 | 0,63 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:00 | 2,62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:14 | 1,96 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:31 | 0,20 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:31 | 0,20 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:30 | 0,93 | % |
| Судство | 00:03:16 | 1,23 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:53 | 0,70 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:02:08 | 0,80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:12 | 2,32 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:41 | 0,26 | % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:28 | 0,17 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:42 | 0,64 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:50 | 0,69 | % |
| Независни кандидати | 00:00:32 | 0,20 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:47 | 0,29 | % |
| | **Вкупно: 04:27:09** | 100 | % |

И со оваа анализа се потврди дека информативната редакција премногу често им отстапува време на биполарните полемики помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, без притоа уредувачки да се рационализира дали таа секојдневна полемика се води на конструктивен начин или е просто самопромоциски образец на двете партии. Практиката, пак, СДСМ јавно да се обраќа почесто со пишани соопштенија, а ВМРО ДПМНЕ со организација на прес-конференции, резултира со разлика во т.н. „директни обраќања". Во оваа статистичка

категорија, впрочем како и во горната табела со показатели за застапеноста на субјектите во вестите, најзабележителна е минутажата за Владата.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Канал 5 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:31:29 | 35,57 | % |
| Беса | 00:00:22 | 0,41 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:54 | 14,57 | % |
| СДСМ | 00:05:35 | 6,31 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:13 | 1,37 | % |
| Други субјекти | 00:09:31 | 10,75 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:12 | 8,13 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:17 | 3,71 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:30 | 1,69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:42 | 5,31 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:11 | 2,47 | % |
| Судство | 00:00:56 | 1,05 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:14 | 1,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:46 | 0,87 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:09 | 2,43 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:03 | 1,19 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:19 | 1,49 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:52 | 0,98 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:16 | 0,30 | % |
| | **Вкупно: 01:28:31** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Актуелно-информативни програми*

Во периодот од 27 август до 5 септември 2017 година, ТВ Канал 5 репризираше неколку дебатни изданија на емисијата „Само вистина", обединети под наслов – „Најгледаното од сезона 1".

***Други програми***

Јавувањата на гледачите во деловите од утринската програма „Здраво Македонијо" отстапени за актуелно-политички теми и настани, во овој период се однесуваа на:

- Цените на становите во Скопје, и „исплатливоста" да се живее под кирија или со станбен кредит;
- Дали ќе се зголемува т.н. - „доходовна нееднаквост"?
- Кој критериум ќе се гледа за да се прогласи некоја партија победник на локалните избори?;
- Дали институцијата брак го губи значењето?
- Со какви намери доаѓа Коѕијас во Македонија?
- Колку од домашниот буџет издвојувате за храна?
- Ќе го смени ли Грција односот кон Македонија?
- Дали би се пријавиле по понудата на Владата за т.н. „субвенциониран одмор"?
- Дали е дојдено вистинско време Албанија да ја признае Македонија под уставното име?
- Првиот училишен ден;

- Собраниска расправа за пакет нови закони – за минимална плата; за стечајните работници; за укинувањето радиодифузна такса;
- Реална ли е бројката на слободните работни места во Македонија?
- Која е вистината за бегалците и нивното населување во Македонија?

## ТВ СИТЕЛ

### *Дневно информативни емисии*

Десет изданија на Дневникот во 19 часот и осум изданија на Бизнис вестите (кои не се емитуваат во текот на викендот), го сочинуваат примерокот за мониторингот на ТВ Сител во третиот десетдневен извештаен период (27 август - 5 септември 2017). Предмет на анализа се прилози со вкупно времетраење од 4 часа 26 минути и 31 секунда, жанровски најчесто реализирани како извештаи, изјави, соопштенија, вести, осврти/коментари (кои вкупно траат 6 минути и 59 секунди) и интервјуа со поранешниот претседател на БАН, академик Стефан Воденичаров, со министерот за финансии Драган Тевдовски и со министерот за транспорт и врски Горан Сугарески.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:41:28 | 15,56 | % |
| СДСМ | 00:19:26 | 7,29 | % |
| Беса | 00:00:42 | 0,26 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:55 | 0,72 | % |
| Влада на РМ | 01:01:26 | 23,05 | % |
| Јавно обвинителство | 00:07:41 | 2,89 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:07 | 1,92 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:20:14 | 7,59 | % |
| Други субјекти | 00:37:16 | 13,98 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:25:10 | 9,44 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:11 | 2,32 | % |
| Без субјекти | 00:09:18 | 3,49 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:03:22 | 1,26 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:38 | 2,49 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:30 | 1,31 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:29 | 0,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:45 | 2,16 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:20 | 1,25 | % |
| Судство | 00:00:40 | 0,25 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:33 | 0,96 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:44 | 0,28 | % |
| Независни кандидати | 00:01:11 | 0,44 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:32 | 0,20 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:55 | 0,34 | % |
| | **Вкупно: 04:26:31** | **100** | **%** |

Владата на Република Македонија е застапена со 1 час 1 минута и 26 секунди, кои се резултат на: проблематизирањето на двосменското работење во градинките, прашањето дали ќе се покачи цената на струјата и воведувањето струја по евтина тарифа во домаќинствата секој ден, легализирањето на дивоградбите, прашањето за 166 вработени во Генералниот секретаријат на Владата кои не доаѓале на работа, најавата за ревидирање на сите наставни програми, планови и учебници, почетокот на учебната година во основните и средните училишта, спроведувањето на Планот за реформи 3-6-9, црна хроника од Охрид и од Струга, отчетот за 100 дена Влада итн.

За посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас на Скопје беше информирано екстензивно, практично секојдневно пред нејзиното реализирање (преку очекувањата во Грција за што ќе се зборува, пишувањата во грчките медиуми, изјавите на Бујар Османи за грчки весник, информациите како ќе патува Коѕијас), потоа преку средбите кои ги одржа во главниот град на Република Македонија. Освен ова, беше известувано и за состанокот за мерките за градење доверба меѓу Република Македонија и Република Грција што се одржа во Атина. На полето на билатералата, имаше и прилог за последните одгласи и во Скопје и во Белград по затегнатите односи меѓу двете земји, како и извештаи за посетата на владина делегација на Израел и средбите на премиерот Зоран Заев со израелскиот претседател Руевен Ривлин и премиер Бенјамин Нетанјаху. Во делот на меѓународните односи, известено е и за посетата и средбите во Скопје на тројцата европратеници Иво Вајгл, Кнут Флекенштајн и Едуард Кукан.

Фокусот беше безмалку комплетно ставен на трансмисија на обвинувањата од ВМРО ДПМНЕ и одговорите/контраобвинувањата од СДСМ/Владата, во еден случај и Општина Центар. Темите беа најразлични - цената на струјата, декласифицирање на договорите со странските инвеститори, секојдневно се известуваше за смртта на секое новороденче, бебе или дете во државата како основа ВМРО ДПМНЕ да побара оставка од министерот Таравари, на што одговараа од СДСМ, министерот, болниците. Значаен дел од времето за ВМРО ДПМНЕ се состои од изјавите на претседателот на партијата Никола Груевски дадени за време на посети на повеќе општини и од прес-конференции, како и изјави на други претставници на оваа партија. Всушност, и овој пат голем дел од Дневникот беше отстапен за псевдовести, произлезени од псевдонастани:

- *„Груевски: Заев целосно запре дел од проектите на претходната влада, а дел времено од политички причини“,*
- *„СДСМ: Груевски пласира лажни вести за поскапување на струјата поради страв од пораз на изборите“,*
- *„Опозицијата и власта си ја префрлаат вината за смртта на новороденчињата и хаосот во здравството“ со изјави од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ,*
- *„Градинките од 1-ви септември почнуваат со двосменско работење- партиите се препукуваат“ пак изјава на Јагода Шахпаска - пратеничка на СДСМ и пренесено соопштение од ВМРО ДПМНЕ,*
- *„Владата обвинува на 166 фантоми во администрацијата. ВМРО ДПМНЕ демантира“,*
- *„Груевски: Да го видиме првиот од ветените 500 км автопат од СДСМ“,*
- *„СДСМ бара поддршка за продолжување на легализацијата“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ ги копира проектите на претходната влада“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ обвинува дека владата кочи изградба на детска градинка“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ: Декласифицирањето ќе одврати многу странски инвеститори од Македонија“.*
- *Според ДЗС „Индустриското производство во јули се намалило за 2.2%. Прес на Христијан Делев од ВМРО ДПМНЕ и реакција-соопштение од СДСМ.*
- *„Во владата се вработуваат некомпетентни кадри, посочија од ВМРО ДПМНЕ“.*
- *„СДСМ ќе оди со чисти и професионални кандидати за локалните избори“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ: Одговорноста на министерот Таравари за смртта на новороденчињата не може да ја скрие ниедна комисија“,*

- *„Груевски: Владата е виновна за падот на индустриското производство и намалување на странските инвестиции“,*
- *„СДСМ: Економијата и државата се движат во добар правец откако Груевски замина во опозиција“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ: Ген-сек на владата Рашковски си го ангажирал кумот како адвокат и му плаќал стотици евра за неколку часа“,*
- *„СДСМ: Доколку ВМРО-ДПМНЕ навистина сакаше да изгради нов современ клинички центар, тоа и ќе го направеше“,*
- *„Груевски: Владата на Заев се откажува од странските инвестиции“,*
- *„СДСМ: Нема промена во условите за инвеститорите“,*
- *„Шахпаска: Пратениците да го поддржат пакетот закони од интерес за граѓаните“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ: Пратениците на СДСМ работат на политички маркетинг“,*
- *„ВМРО-ДПМНЕ: Владата на СДСМ ќе ги избрка странските инвеститори“,*
- *„СДСМ: Не е точно дека странските инвеститори си заминуваат, има интерес за нови“,*
- *„Груевски: Дискриминирачкиот однос на владата кон странските инвеститори оди во лоша насока“,*
- *„СДСМ: Груевски ја остави Македонија на последно место во регионот по странски инвестиции“.*

При известувањето за локалната самоуправа, освен за редовни активности (пожарот кај Трескавец) се информираше и за маргинални настани[1] организирани од градоначалниците од ВМРО ДПМНЕ (на Град Скопје Коце Трајановски, на Аеродром Ивица Коневски) и од ГРОМ (градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски) за промоција на своите (пред сè инфраструктурни) активности.

Евидентираните 37 минути и 16 секунди за ставката – „други субјекти“, се однесува на анкети за испитување на јавното мислење од Институтот „Павел Шатев“, репортажата на БиБиСи за Охрид, говорот на г.г. Стефан по повод чествувањето на Успението на Пресвета Богородица, информациите од АМСМ за состојбите на патиштата и раздвиженост на македонските патишта на последниот слободен ден во август, одбележувањето на Денот на рударите, активностите на Државната комисија за спречување на корупцијата по повод разрешувањата од Генералниот секретаријат на Владата како и одбиените приговори од Андонов и Богдановска кои, според Комисијата биле разрешени во предизборен период, преземените вести од странските медиуми, промената на тарифникот од страна на Регулаторната комисија за енергетика со цел да се воведе евтина струја како и најавите за промените на цените на горивата, истражувањето на IBM Global Locations Trends дека Македонија во 2016 година била трета во светот по бројот на отворени работни места според бројот на жители, информација за репортажата од Џејсон Билан - блогер и светски патник за тоа колку чини еден ден како турист во Скопје, потврдата за првата палеолитска станица во Овчеполието, од страна на италијански археолози, ССК која бара измени во правилникот за безбедност при работа на бремени жени, ВИП одбележува 10 години на македонскиот пазар, одржаната панихида за Тодор Александров во Штип, редовните активности на НБРМ, пројавениот интерес кај бруцошите за студиските програми на УГД во Струмица, Агенција за посредување при вработување, промовирањето на книгата Кратовски мајтапи од Мишо Доневски, ставот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во врска со предложените законски измени, на ХОТАМ по повод пријавувањето на хотелиерите за мерката бесплатен одмор за најслабо платените работници и др.

[1] Според Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите од 2009 година, на ОБСЕ/ОДИХР, Директоратот за човекови права и Венецијанска комисија на Советот на Европа и Европската комисија активностите на властите можат да бидат „вистинити и релевантни (како национални празници или годишнини), вистинити, но маргинални (како отворање јавни објекти) или псевдонастани (настани создадени и управувани од власта со цел да се добие подобро или пошироко медиумско покривање). Цитирано во Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси http://www.avmu.mk/images/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf

Времето издвоено за Државната изборна комисија се однесуваше на подготовките за Локалните избори, завршувањето на рокот за поднесувањето на кандидатурите на независните кандидати, и неуспешниот референдум во Босилово за рудникот Иловица. Локалните избори беа тематизирани и преку именувањето или претпоставувањето градоначалнички кандидати од партиите, како во освртот *„Кампањата за локалните избори почнува за помалку од месец дена, а досега се познати безмалку 10 кандидати“* (2 минути и 49 секунди).

Во два коментаторски извештаи *„Експертите бараат државата да биде пример за она што го бара од фирмите - редовно плаќање на обврските“* (2 минути и 39 секунди) и *„Над 4500 должници има на последната листа на УЈП. Колку од нив се блокирани нема податок. Присилната наплата е механизам кој и стои на располагање на државата, а стопанството е во нерамноправна положба“* (2 минути и 27 секунди) беа сопоставени информации од Министерството за финансии и експертски ставови за потребата државата редовно да ги исплаќа своите долгови кон стопанството.

Од локалните теми беа следени состојбата на 120 жители на 3 села во гевгелиско заразени од бактеријата Ешерихија коли поради нехлорираната вода од водоводот, се известуваше и за референдумот во Босилово во врска со изградба на рудник во Иловица.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:03 | 23,99 | % |
| СДСМ | 00:03:28 | 3,77 | % |
| Други субјекти | 00:08:16 | 9,00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:37 | 13,73 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:09 | 6,69 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:37 | 3,94 | % |
| Влада на РМ | 00:21:37 | 23,52 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:36 | 0,65 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:02:45 | 2,99 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:49 | 1,98 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:16 | 0,29 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:19 | 2,52 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:28 | 2,68 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:23 | 0,42 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:01:18 | 1,41 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:08 | 1,23 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:15 | 0,27 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:50 | 0,91 | % |
| | **Вкупно: 01:31:54** | 100 | % |

Во директните обраќања, ВМРО ДПМНЕ има најмногу време (22 минути и 3 секунди). Следна е Владата на РМ со 21 минута и 37 секунди кои во себе ги опфаќаат и интервјуата со министерот за финансии Драган Тевдовски и со министерот за транспорт и врски Горан Сугарески, а позначајно присуство има и категоријата „амбасадори/меѓународни организации/странски политичари“, најмногу поради интервјуто со поранешниот претседател на БАН, академик Стефан Воденичаров.

***Други програми***

*Ја сакам Македонија (На дневен ред)*

Во утринската контактна програма *Ја сакам Македонија* која се емитува секој ден, освен во сабота и во недела, во сегментот насловен *На дневен ред*, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми:

На 28 август 2017 година: *На дневен ред* беше фокусирана на проблемите на граѓаните.

На 30 август 2017 година: *„Административците не оделе на работа, а земале плата. Добиваат се уште пари, но одбиваат да работат. Има ли надеж за македонската администрација?" и Треба ли сите ученици да бидат исто облечени? На големо се враќаат ученичките униформи!"*.

На 31 август 2017 година: *„Владата вети бесплатен одмор на социјално ранливите! До 15.000 денари ваучер за семејства со примања под 22.000 денари" и „САД гледаат добри сигнали од Скопје за добрососедство. Коѕијас доаѓа во Македонија! Станува ли Македонија подобар сосед?"*.

На 1 септември 2017 година: *„Дали ви се допаѓа новиот плоштад Скендер Бег" и „Како помина средбата помеѓу Коѕијас и Димитров? Има ли напредок во односите помеѓу Атина и Северната земја?"*.

На 4 септември 2017 година: *На дневен ред* повторно беше сосредоточена на граѓаните и нивните проблеми.

На 5 септември 2017 година: *„Вашите впечатоци од почетокот на училишната година?" и „Колку се разликува образовниот систем и условите денес од минатото?"*

Премиерно го бележиме првото издание на емисијата <u>Ја сакам Македонија - од Струга</u>. Новинарот Александар Блажевски известува од Струга, со тоа што даден е цел историјат за градот, покажана е депонијата од каде известува репортерка од ТВ Сител, направено е интервју со Ардиан Демири - адвокат, потоа со Глигор Чатоски од граѓанската иницијатива „Доста е", д-р Драган Ѓорчев - Институт за јавно здравје, Диме Галабоски - НВО Аква, Коста Хијухи - професор по физичко образование, Томе Кукуреш - DJ и граѓански активист, Агим Пошка - професор на ЈИЕ, Никола Матоски - музички селектор, Милован Шутиноски - етиолог од Струга, Данче Аџоски - кустос-биолог, Рената Јакимовиќ - репортерка, Д-р Климе Матоски – хроничар, а имаше и анкета со граѓани. Според најавите, отсега оваа емисија ќе се организира од различни градови во Македонија.

## <u>ТВ ТЕЛМА</u>

### <u>*Дневно-информативни емисии*</u>

Од Дневникот на ТВ Телма од 18 часот и 30 минути, во третиот извештаен период (27 август – 5 септември 2017г.) анализирани се 4 часа 51 минута и 41 секунда прилози, спакувани во некој од новинарските жанрови: извештаи, вести, соопштенија, изјави, а Телевизијата реализираше и интервјуа со бугарската писателка Весела Љахова, по повод промоцијата на преводот на нејзината книга „Бежанци", со Чарлс Симиќ, лауреатот на Струшките вечери на поезијата и со вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи.

<u>*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*</u>

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:36:41 | 14,35 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:27 | 8,78 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:59 | 5,08 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:57 | 8,97 | % |
| Без субјекти | 00:26:42 | 10,44 | % |
| Влада на РМ | 00:51:23 | 20,10 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:14:09 | 5,54 | % |
| СДСМ | 00:09:10 | 3,58 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:01 | 0,79 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:39 | 2,21 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:09:55 | 3,88 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:53 | 2,69 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:24 | 1,33 | % |
| Судство | 00:03:33 | 1,39 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:51 | 1,11 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:06 | 0,43 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:36 | 4,93 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:11 | 0,46 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:02:24 | 0,94 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:07 | 0,83 | % |
| Беса | 00:00:18 | 0,12 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:16 | 0,50 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:33 | 1,00 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:50 | 0,32 | % |
| Независни кандидати | 00:00:37 | 0,24 | % |
| | **Вкупно: 04:15:41** | **100** | **%** |

Посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас беше настанот од исклучително значење во овој десетдневен период и за него се известуваше од подготовките (пишувањата на грчките медиуми информациите од министерствата на двете земји), преку збирен извештај за сите средби кои ги оствари во Скопје, со државниот врв и партиските лидери, па до прилогот во кој, ден подоцна, се разгледуваше каква е климата за решавање на спорот со името. Од надворешно-политичките настани, беше известено и за атинскиот состанок за мерките за градење доверба меѓу Република Македонија и Република Грција, скопската Конференција Македонија и НАТО, дводневната посета на Скопје на тројцата европратеници Иво Вајгл, Едвард Кукан и Кнут Флекенштајн и средбите што ги одржале со претставници на власта и на парламентарните политички партии, како и за посетата на македонска владина-бизнис делегација на Тел Авив и средбите на премиерот Заев со израелскиот претседател Руевен Ривлин и премиерот Бенјамин Нетанјаху.

Од домашните активности на Владата почесто се среќаваа информациите за: сервисирањето на јавниот долг, продолжување на рокот за легализација на дивоградбите, декласифицирање на договорите за субвенциите за странските инвеститори што ги даваше претходната влада, беа третирани повеќе теми поврзани со здравствениот ресор, отчетот за првите сто денови на Владата, остварување на Планот за реформи 3-6-9, активирањето на Комитетот за евроинтеграции, почетокот на учебната година и проблемите со намалувањето на бројот на ученици и со лошите услови во голем број училишта итн.

Прашање на кое Телма му пријде проблемски беа 166-те лица кои биле вработени во Генералниот секретаријат на Владата, а не доаѓале на работа. Беше разгледано преку информации од Владата (Манчевски, Рашковски), Марта Томовска (од времето кога беше надлежна министерка), консултирани беа професори (Темелко Ристовски, Борче Давитковски), пренесен беше ставот на ВМРО ДПМНЕ, а се говореше и за покренувањето кривични пријави. Покрај ова беше третирано и прашањето за советниците на претходните и на актуелната Влада - кои се и колку се и колку биле платени за своите услуги.

Телевизијата информираше и за продолжувањето со работа на Собранието, предложените закони и опречните ставови помеѓу позицијата и опозицијата, како и за распишувањето оглас за нов државен јавен обвинител.

Една од темите кои во низа беа истражувани, беа околностите под кои „Трансмет" го доби новиот тендер на РЕК Битола. Публиката можеше да ги чуе ставовите на Владата, ЕЛЕМ, адвокати, поранешни членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, се зборуваше за улогата на Кривичниот суд и СЈО при деблокирањето на сметките на „Трансмет".

Телма, преку својата локална дописничка мрежа ја отвори и ја следеше во низа темата со штипската текстилна фабрика „Банг и Скот“ која отпуштила работници поради тоа што не дошле на работа на државен празник и за тоа им побарала оштета. При тоа, за правата на вработените, кои не биле организирани во синдикат, се застапуваше граѓанската организација „Гласно“, а во компанијата надзор изврши и Трудовата инспекција.

Во низа се следеше и заразата со цревни бактерии низ која поминаа жители на неколку места во гевгелиско, а која ја добиле од водата за пиење. Пренесени беа ставови на граѓаните, експерти, надлежни инспекторати, а локалното комунално претпријатие не давало информации.

Локалните избори беа проследени преку активностите на ДИК и подготовките на партиите, а беше преразгледано и прашањето - зошто во Македонски Брод има најмногу поднесени листи за независни листи за советници. Темите за активностите на Државната изборна комисија за кои информираше Телевизијата беа: увидот во избирачкиот список, потврдување кандидати за градоначалници и завршувањето на рокот за собирање потписи за независни кандидати. Телма известуваше и за референдумот за или против отворање рудници во Општина Босилово.

Телевизијата продолжи да известува и за локални теми подготвени од дописничката мрежа, од Тетово – за барањето годинава импровизираниот сточен пазар за Курбан Бајрам да не биде на истата локација, за повторните проблеми со водоснабдувањето, за просторните проблеми на училиштата, за миграцијата село – град во Полог, потоа за сиромаштијата во која живее семејство од струмичкото село Моноспитово, повторното активирање на пожарот кај манастирот Трескавец во Прилеп и останатите пожари во РМ. Со прилог во вестите се говореше и за проектот, во форма на фестивал „Дотерај го Скопје“, со цел зазеленување на градот Скопје и сите негови општини.

Локалната самоуправа беше присутна преку расправите на советите на Општина Штип и Општина Битола, и барањето на советниците од ВМРО ДПМНЕ за прифаќање на иницијативата од граѓанската организација „Будење“ за распишување референдум „за или против“ бегалците.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:09:53 | 13,49 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:43 | 5,07 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:48 | 9,28 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:18 | 9,96 | % |
| Влада на РМ | 00:18:06 | 24,70 | % |
| СДСМ | 00:04:26 | 6,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:17 | 8,57 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:31 | 0,71 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:12 | 1,64 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:25 | 3,30 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:20 | 0,45 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:41 | 2,30 | % |
| Судство | 00:01:09 | 1,57 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:42 | 0,96 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:43 | 7,80 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:36 | 0,82 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:01 | 2,75 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:26 | 0,59 | % |
| **Вкупно:** | **01:13:17** | **100** | **%** |

Позначајно време за директни обраќања има за Владата и за „другите субјекти“.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На програмата на Телма во редовниот термин со нови изданија се емитуваа дебатните емисии: *„Топ тема"* и *„Топ тема на ваша страна"*. *„Топ тема на ваша страна"* со водителот Боби Христов беше на тема *„Избраните функционери за кандидати за градоначалници"*. Во емисијата дебатираа: министерот за здравство Арбен Таравари и политичките аналитичари Сефер Тахири и Сашо Ордановски. Во *„Топ Тема со Чомовски"* се дебатираше за реформите во судството, укинувањето на Советот за утврдување на фактите, дали Јавното обвинителство е под влијание на власта, дали правосудството ќе процесуира некои од случаите какви што се Никола Младенов, Смилковско Езеро и Диво Насеље. Во емисијата дебатираа: Сејфула Османи, професор и адвокат, Александар Наков, адвокат, поранешен судија и јавен обвинител и Никола Главинче, адвокат.

## КАБЕЛСКИ ТВ

## ТВ 21 – М

### *Дневно-информативни емисии*

Вкупно 3 часа 29 минути и 13 секунди е времетраењето на анализираните прилози во вестите на ТВ 21 М. Анализата се однесува на истото издание на вестите како и во претходните два извештајни периоди, опфатени се десет изданија на Вестите емитувани во 18 часот и 30 минути (*21 Live news / Magazine informative*), а жанровски настаните се пренесени преку вести, вести во низа, извештаи, извештаи со коментаторски елементи.

Гледано според одвоеното време во анализираните прилози, по трет пат најголема застапеност како субјект во вестите на ТВ 21 М има Владата, заземајќи една петтина (42 минути и 45 секунди) од вкупното време на вестите. За застапеноста на Владата не може да се каже дека има една-две доминантни теми за коишто известува телевизијата. Станува збор за поголем број прилози, од различни сфери, за коишто известува медиумот, а во кои како еден од субјектите се појавуваа/појавуваат владини претставници. Така од сферата на надворешната политика, медиумот ги проследи настаните поврзани со посетата на грчкиот министер за надворешни работи, Никос Коѕијас, на нашата земја и извести за средбите со државниот врв. Извести и за посетата на премиерот Зоран Заев на Израел, како и за неколкуте средби на владини претставници со странски амбасадори во Македонија (средба на вицепремиерот Османи со францускиот амбасадор поврзана со назначувањето нов француски експерт како помош околу ИПА фондовите, средбите на министерот за надворешни работи Никола Димитров со амбасадорите на САД и Германија, Џес Бејли и Томас Норберт Герберих, во рамки на конференцијата „Македонија во НАТО" одржана во Скопје, средбата на вицепремиерот Бујар Османи со Јоханес Реи од фондацијата Конрад Аденауер). Повторно, повеќе социјални и економски теми (бесплатен одмор за семејствата со пониски примања, проблемот со фиктивно вработените лица од претходната Влада во Секретаријатот за заеднички работи на Владата, продолжен рокот за легализирање на дивоградбите, декласификација на податоците поврзани со странските инвеститори во Македонија, средба на вицепремиерот Кочо Анѓушев со бизнисмени од Велес, минимална плата, двосменско работење во градинките), теми поврзани со здравството (санација на болниците во Штип и Кичево, починати деца на Клиниката за детски болести, тројазични табли во Клинички центар) и образованието (најавите за реформи во образованието, немањето соодветни просторни услови за работа во средното училиште „Наце Буѓони" во Куманово, намалениот број ученици), за коишто известува медиумот и во кои главно се појавуваат владини претставници, исто така придонесуваат Владата како субјект да има застапеност од 42 минути и 45 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Други субјекти | 00:19:50 | 9,48 % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:09 | 1,50 % |
| Влада на РМ | 00:42:45 | 20,43 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:28 | 0,70 % |
| Беса | 00:04:12 | 2,01 % |
| Без субјекти | 00:35:55 | 17,17 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:17:07 | 8,18 % |
| СДСМ | 00:12:53 | 6,16 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:13:05 | 6,25 % |
| Граѓански сектор | 00:10:28 | 5,00 % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:05:11 | 2,48 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:24 | 1,15 % |
| ДПА-ДР | 00:05:05 | 2,43 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:20 | 3,50 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:19 | 1,59 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:28 | 2,13 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:02:32 | 1,21 | % |
| НДУ - Национална демократска унија | 00:01:08 | 0,54 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:08 | 1,50 | % |
| Судство | 00:04:36 | 2,20 | % |
| Унитети | 00:00:11 | 0,09 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:11 | 0,09 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:14 | 0,59 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:00 | 0,48 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:54 | 0,43 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:22 | 0,18 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:12 | 1,05 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:29 | 1,19 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:38 | 0,30 | % |
| | **Вкупно: 03:29:13** | 100 | % |

Репортерските прилози поврзани со славењето на празниците Курбан Бајрам и Голема Богородица, зафаќаат значаен дел од времето одвоено за субјектите методолошки кодирани како „без субјекти", со оглед на тоа дека во тие прилози како главни соговорници се појавуваат граѓаните или за нив се говори. Медиумот продолжува со практиката во вестите да одвојува простор и за обичниот граѓанин, известувајќи најчесто за проблемите со кои се соочува во секојдневниот живот преку репортажите со социјална тематика. Во овој десетдневен период ги пренесува сториите за семејствата на Зејнете Хоџа и Бењамин Расими кои живеат на работ на сиромаштијата, за проблемите со водата за пиење на жителите од село Орланце, сторијата за Благоја Ристевски, којшто 20 години продава весници по скопските улици. За дел од темите за коишто известува самиот медиум (санација на болниците, проблемот со депонијата во Тетово, изградбата на патот Глумово-Матка, тројазичните табли во Клинички центар, уништувањето на мозаикот на Мајка Тереза на плоштадот Скендербег) итн., преку спроведените анкети со случајните минувачи, го пренесува ставот на граѓаните за поставените прашања.

Како „други субјекти" во овој извештаен период се кодирани: адвокати, Државна комисија за спречување корупција, странски медиуми, претставници на винарски визби, Исламска верска заедница, Стопанска комора, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и др.

Медиумот одвои простор и за активностите на неколку политички субјекти, временски присутни по следниов редослед се: ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДПА-ДР, Беса, Обединети демократски сили на Ромите, ДУИ, ПДП, НДУ, Демократски сојуз, ДПА, Унитети, НДП.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Експерти/аналитичари | 00:01:31 | 3,40 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:31 | 1,16 | % |
| Влада на РМ | 00:10:49 | 24,27 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:44 | 8,38 | % |
| СДСМ | 00:02:27 | 5,50 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:03 | 6,84 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:56 | 2,09 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:23 | 3,10 | % |
| Беса | 00:01:02 | 2,32 | % |
| Други субјекти | 00:05:36 | 12,57 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:45 | 8,41 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:32 | 1,20 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:49 | 1,83 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:01:12 | 2,69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:41 | 3,78 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:50 | 4,11 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:15 | 0,56 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:20 | 2,99 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:23 | 3,10 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:29 | 1,08 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:16 | 0,60 | % |
| | **Вкупно: 00:44:34** | 100 | % |

Една четвртина од времето на директните обраќања е одвоено за претставниците на Владата или 10 минути и 49 секунди. Од вкупните 44 минути и 34 секунди, позначајно време освен Владата, за директни обраќања добиле субјектите кодирани како „други субјекти", претставниците на органите на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи и ВМРО ДПМНЕ.

***Посебни информативни емисии***

Во третиот извештаен период (27 август – 5 септември) во рамки на неколку изданија на информативната емисија „10 минути" беа емитувани разговори со: адвокатката Лорија Ваневска во врска со нејзината кандидатура за Јавен обвинител на Македонија, поранешната судијка во Судот за човекови права во Стразбур – Маргарита Цаца Николовска, во врска со изречената пресуда од македонските судови за македонски граѓанин за навреда на турскиот премиер и разговор со вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи, во врска со посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас.

Во рамки на „10 минути" беа емитувани и делови од прес-конференциите на министерот за надворешни работи, Никола Димитров по средбата со грчкиот министер Никос Коѕијас, на министерката за образование Рената Дескоска по посетата на училиштата во Куманово и од пресот на премиерот Зоран Заев по повод 100 дена Влада. Во едно од изданијата беа емитувани и делови од престојот на премиерот во Арачиново за празникот Курбан Бајрам.

Во „10 минути" беше емитувана и репортажа за скопско семејство и тешките услови во коишто живее, за што прилог беше емитуван и во централното издание на вестите на ТВ 21 М.

## ТВ АРТ ЧАННЕЛ

***Дневно-информативни емисии***

Десетте анализирани изданија на централната дневно-информативна емисија на ТВ Арт Чаннел опфаќаат 3 часа 4 минути и 55 секунди вкупно времетраење на анализираните прилози. Во фокусот на интерес на анализата останува изданието на вестите од 18 часот и 45 минути. Претежно информативните новинарски жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментаторски елементи) се дел од вестите на телевизијата.

Известувањата за активностите на Владата и нејзините претставници заземаат доминантно место во вестите на телевизијата, како и во претходните два извештајни периоди. Информирањето за активностите на Владата зафаќа една петтина од вкупното време на анализираните прилози во вестите. Од темите, во коишто е застапена Владата како субјект, временски ниту една не доминира во извештајниот период. Медиумот известува за повеќе владини активности, а нешто позначајно време е одвоено на средбите на владиниот и политичкиот врв на Македонија со министерот за надворешни работи на Грција, Никос Коѕијас. Надворешно политичките теми ги затвораат информациите посветени на посетата на

премиерот Заев на Израел и средбите со неговиот колега Бенјамин Нетанјаху и со претседателот на Израел. Во овие информации, поврзани со нашето надворешно политичко дејствување, влегуваат и информациите за средбите на вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи со францускиот амбасадор во Македонија и со претставникот на фондацијата Конрад Аденауер. Застапеноста на Владата како субјект повеќе се должи на известувањето за владините активностите од повеќе сфери, социјала, економија, здравство, образование (фиктивните вработувања на претходната Влада во владините служби, предвиден економски раст за 2018 на Министерството за економија, најавите за евтина дневна тарифа на струјата, поставување тројазични табли во Клинички центар од страна на Министерството за здравство, исполнување на планот „3-6-9" на Владата, најавите за бесплатен одмор за семејствата со ниски примања, средба на министерката за образование со градоначалничката на Тетово со цел подобрување на условите во училиштата во Тетово, почетокот на учебната година и др), како и теми од доменот на работа на МВР (прилози посветени на потргата на поранешните вработени во УБК, кои по одлуката на судот за нивни притвор се во бегство), со што се комплетираат 38 минути и 33 секунди присутност на субјектот Влада.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт Чаннел | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:22 | 8,31 | % |
| Влада на РМ | 00:38:33 | 20,85 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:00 | 5,41 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:37 | 3,04 | % |
| СДСМ | 00:04:48 | 2,60 | % |
| Други субјекти | 00:20:00 | 10,81 | % |
| Судство | 00:06:20 | 3,42 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:22 | 6,69 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:17:28 | 9,44 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:32 | 5,70 | % |
| Без субјекти | 00:18:55 | 10,23 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:25 | 0,77 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:01 | 1,63 | % |
| ДПА-ДР | 00:03:14 | 1,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:33 | 0,84 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:37 | 1,95 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:00 | 1,62 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:01 | 0,55 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:31 | 0,28 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:01 | 0,55 | % |
| Беса | 00:01:01 | 0,55 | % |
| Унитети | 00:01:12 | 0,65 | % |
| Собрание (позиција) | 00:00:58 | 0,53 | % |
| ДУА - Демократска унија на Албанците | 00:00:12 | 0,11 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:11 | 1,18 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:02 | 0,56 | % |
| | **Вкупно: 03:04:55** | 100 | % |

Статистички гледано, како второзастапени субјекти се појавуваат оние кодирани како „други субјекти" и „без субјекти". Известувањето за празникот Курбан Бајрам, за подготовките на граѓаните за негово празнување, придонесуваат за застапеноста на „без субјекти". Мислењето на граѓаните е пренесено преку анкетите кои се дел од новинарските прилози посветени на цените во продавниците, очекувањата од претстојните локални избори, проблемите со училиштето во село Церово, тетовско.

Практиката, за одредени прашања да се чуе мислењето и на експертите/аналитичарите, медиумот го задржува и во овој извештаен период, пренесувајќи ги ставовите на експертите по прашањата поврзани

со: фиктивните вработувања во владините служби, одлуката за неемитување владини реклами на медиумите, проектот за реонизација на земјоделските култури, коалицирањето на албанските политички партии за претстојните локални избори, препукувањата меѓу политичките партии со цел дефокусирање на јавноста и др.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:04:01 | 9,23 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:17 | 2,95 | % |
| Други субјекти | 00:05:26 | 12,48 | % |
| Влада на РМ | 00:11:31 | 26,45 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:24 | 19,30 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:14 | 5,13 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:54 | 2,07 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:25 | 3,25 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:49 | 6,47 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:24 | 5,51 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:06 | 2,53 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:44 | 1,68 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:17 | 2,95 | % |
| | **Вкупно: 00:43:32** | 100 | % |

Три субјекти зафаќаат повеќе од половина од времето одвоено за директни обраќања во вестите на телевизијата. Редоследно, за Владата е одвоено повеќе време за директни обраќања (11 минути и 31 секунда), а следуваат субјектите кодирани како „експерти/аналитичари" и „други субјекти".

## ТВ НОВА

### *Дневно информативни емисии*

Во извештајниот период од 27 август до 5 септември 2017 година, беа опфатени десет изданија на Обсервер и Дневен бриф, односно вестите на ТВ Нова кои се емитуваат во 19 часот. Вкупната информативна минутажа од 4 часа и 25 секунди новинарски е главно обработена низ извештаи, изјави и соопштенија, (симулирани) коментари (7 минути и 50 секунди), интервјуа/анализи.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:50:50 | 21.14 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:37 | 0.67 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:23 | 1.82 | % |
| Влада на РМ | 00:47:48 | 19.89 | % |
| СДСМ | 00:13:55 | 5.79 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:11:45 | 4.89 | % |
| Претседател на РМ | 00:10:51 | 4.51 | % |
| Други субјекти | 00:38:36 | 16.06 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:10:14 | 4.25 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:26 | 3.92 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:06:08 | 2.55 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:56 | 4.13 | % |
| Јавно обвинителство | 00:08:25 | 3.50 | % |
| Судство | 00:01:00 | 0.42 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:25 | 0.59 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:50 | 0.76 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:52 | 1.60 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:10 | 0.48 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:10 | 0.48 | % |
| Независни кандидати | 00:01:10 | 0.48 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:02:54 | 1.21 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:02 | 0.84 | % |
| | **Вкупно: 04:00:25** | **100** | **%** |

Медиумот во голем дел беше сконцентриран на трансмисија на изјави и соопштенија од политичките партии, односно голем дел од вестите се состоеше од пренесување обвинувања од ВМРО ДПМНЕ, одговори од СДСМ и/или Владата. Со ваквата одлука, беше оставен помал простор за известување за други теми, актуелни за секојдневното живеење на граѓаните.

ТВ Нова најголем дел од времето во вестите одвои за известување за опозициската партија ВМРО ДПМНЕ (50 минути и 50 секунди) преку покривање на сите прес-конференции на партиски претставници, изјави од различни настани на претседателот на партијата Никола Груевски, соопштенија со обвинувања до Владата на РМ, честитки по повод празници итн. Всушност, честопати станува збор за известување кое го следи принципот псевдонастани-псевдовести:

- *„ВМРО ДПМНЕ: Цела недела не се знаат причините за смртта“,*
- *„На Андоновска не и беше дозволено да даде изјава пред Клиниката за гинекологија“,*
- *„СДСМ: ВМРО ДПМНЕ го урниса здравствениот систем, Владата работи во интерес на сите граѓани“,*
- *„Груевски: СДСМ фрли димна бомба, граѓаните ќе плаќаат повисоки сметки за струја“,*
- *„СДСМ: ВМРО ДПМНЕ пласира лажни вести за поскапување на цената на струјата“,*
- *„СДСМ: Социјалната заштита е приоритет на Владата“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Потребно е зголемување на буџетот и блок дотациите за детските градинки“,*
- *„Груевски на средби со граѓаните во Дебарца“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Владата наместо парите да ги вложи во проекти за граѓаните, тие пари ги нема“,*
- *„СДСМ: ВМРО ДПМНЕ манипулира со граѓаните“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СЈО е во служба на Заев и СДС, а не на законот и правдата“,*
- *„Рамчиловиќ: За да ги задоволи барањата на Заев Рашковски прави хаос“,*
- *„Груевски во посета на Прилеп“,*
- *„Стојаноска: Македонското здравство ги имаше најцрните 10 дена во историјата“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: Со парите кои СДС ги подигна можеше да изгради околу 22.000 социјални станови за граѓаните“,*
- *„Груевски во Гази Баба: Реализирано уште едно барање на граѓаните – во Камник асфалтирани улици“,*
- *„Костовски: Рашковски незаконски им се заканува на 600 луѓе да ги избрка од работа“,*
- *„Стојаноска: СДС и Заев заради лични фрустрации го блокираа и замрзнаа проектот за изградба на новиот клинички центар“,*
- *„СДСМ: Доколку ВМРО ДПМНЕ сакаше да изгради клинички центар тоа ќе го направеше“,*
- *„ВМРО ДПМНЕ: СДС ги уништува институциите со спроведување целосна партизација“,*
- *„Груевски: СДСМ и Заев водат погубна политика кон странските инвестиции“,*

- *„СДСМ: Груевски се обидува да го сокрие стравот од декласифицирањето на договорите на минатата власт со странски инвеститори“*,
- *„Костовски: Државниот долг вртоглаво расте благодарение на расипничкото работење на новата влада“*,
- *„Андоновска: На Заев и Таравари поважна им е власта од тоа што бил претепан еден пациент во болничка соба“*,
- *„Груевски во посета на Зелениково: Индустриската зона претставува можност за инвестирање и на нови работни места“* и *„Груевски: Ќе продолжи трендот на намалување на странските инвестиции, тоа најмногу ќе го почувствуваат граѓаните“*.

Во низа, секојдневно беше известувано за починување деца во болници во Скопје и низ Македонија, поврзано со обвинувањата од ВМРО ДПМНЕ на сметка на министерот за здравство Арбен Таравари (понекогаш и премиерот Заев), а на оваа тема имаше и коментар *„Жестоки критики за работата на Таравари“* (2 минути и 19 секунди) во кој се тврдеше дека голем број граѓани го обвинуваат за хаос во овој ресор и бараат да понесе одговорност, дека постои страв кај граѓаните и кој заврши со прашањето: *„До која црна бројка треба да стигнеме за да се промени нешто и некој да преземе одговорност“*. Наредниот ден, во извештајот за смрт на друго дете се информираше и за податоците од Државниот завод за статистика за бројот на починати деца во првата половина на годината и во претходната година. Беше пренесено и соопштението за наодите на комисијата која ја испитувала смртта на три предвремено родени новороденчиња.

Во еден од прилозите *„Минов: Општина Карбинци со помош на владата на ВМРО ДПМНЕ реализираше 183 проекти“*, градоначалникот на Општина Карбинци Зоран Минов и директорка на училиште (која не е идентификувана со име и презиме) зборуваа за достигнувањата во Општината на прес-конференција која се одвиваше во партиското седиште на ВМРО ДПМНЕ, со што се идентификуваше локалната самоуправа со партијата.

Времето во кое како субјект се појавува Владата (47 минути и 48 секунди) се состоеше од настани кои ја одбележуваат внатрешната и надворешната политика. Првата група настани се однесуваше на продолжување на рокот за легализирање на дивоградбите, реализирање на реформскиот План на Владата 3-6-9, одбележувањето на Денот на рударите, црна хроника, Предлог-законот за јазиците, субвенции за летување на лицата со ниски примања, декласифицирање на договорите за државна помош за странските инвеститори, честитки за верските празници Голема Богородица и Курбан Бајрам, двосменското работење во градинките, почетокот на учебната година во основните и во средните училишта, 166-те вработени во Генерален секретаријат на Владата кои не доаѓале на работа, отчетот за 100 дена Влада.

Во известувањето за меѓународната политика на Владата, акцент беше ставен на посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас на Македонија. Двапати беше информирано пред посетата (како ќе патува, со кого ќе се сретне, што пишуваат грчките медиуми, што да се очекува од разговорите, дека ќе има и протести организирани од Македонски манифест и Светски македонски конгрес). На денот на посетата имаше новинарски извештај за средбата Димитров-Коѕијас, а потоа низ разговор во студиото со новинарот Христо Ивановски беа анализирани македонско-грчките односи пошироко (13 минути и 38 секунди). Ваква анализа низ разговор на оваа тема со новинарот Наум Стоилковски беше емитувана и наредниот ден (2 минути и 3 секунди). Овој формат на анализа низ разговор беше искористена и подоцна за да се искоментира посетата на владина делегација на Израел и средбата на македонскиот и израелскиот премиер - Зоран Заев и Бенјамин Нетанјаху (1 минута и 50 секунди). Од областа на надворешно-политичките активности, известено беше за Конференцијата „Македонија кон целосно членство во НАТО“ и за средбите на тројцата европратеници Иво Вајгл, Едвард Кукан и Кнут Флекенштајн со првите луѓе на извршната и законодавната власт и со лидерите на партиите од Владата и на најголемата опозициска партија.

На трето место по застапеност според издвоеното време во вестите е методолошката категорија „други субјекти“ (38 минути и 36 секунди). Во неа најголем дел од времето отпаѓа на анализите во вестите на новинарите Христо Ивановски и Наум Стоилковски во врска со посетата на Ковијас на Скопје и средбите со македонскиот политички врв како и за поднесените предлог-закони до Собранието, два прилога за резултатите од испитувањето на јавното мислење изработено од Институтот „Павел Шатев“, информации за седниците на Државната комисија за спречување на корупцијата на кои таа расправа за жалбите поднесени од поранешни носители на функции поради (не)законитост на нивното разрешување и сл.

Во почетокот од извештајниот период, ТВ Нова два дена како прва вест објави прилог за тоа дека обвинители од Специјалното јавно обвинителство биле на обуки во Амбасадата на САД во Скопје, на што од американската амбасада беше добиен одговор за каква обука станува збор и колку средства потрошиле САД за обуки на судството во Македонија во изминатите години. Обата дена се потсетува на обвинувањето од ВМРО ДПМНЕ дека СЈО делува политички, третиот ден беше пренесена нова изјава *„ВМРО ДПМНЕ: СЈО е во служба на Заев и СДС, а не на законот и правдата“*, четвртиот ден имаше уште една реакција за оваа институција - *„Ѓорѓиевски: СДС знае дека ќе ги загуби изборите, затоа им треба поддршката од СЈО“*.

Во овој извештаен период, беа емитувани два симулирани коментари базирани на наводи за тврдења објавени во (неидентификувани медиуми) или информации во јавноста. Во едниот *„Странците ќе затвораат фабрики, 2000 луѓе ќе останат без работа“* (3 минути и 9 секунди), се тврдеше дека три големи, мултинационални компании најавиле напуштање на државата, пред сѐ поради најавата за декласификација на договорите за странските инвеститори, и оти е многу веројатно 2000 луѓе да останат без работа. Беше наведено и оти една американска компанија донела дефинитивна одлука својата инвестиција да ја насочи кон Србија наместо кон Македонија. На ова се надоврза изјава од прес-конференција на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски во врска со странските инвестиции. Другиот прилог е насловен *„Ако се продаде ЕЛЕМ граѓаните ќе плаќаат поскапа струја“* (2 минути и 24 секунди). Прилогот тргна од наводните информации за продажба на АД Електрани на Македонија, иако менаџментот на компанијата изјавил дека не се размислува за продажба, по што беше пренесена информација дека експерти предупредуваат оти со либерализацијата на пазарот на електрична енергија, граѓаните нема да плаќаат поевтина струја, туку за 20% поскапа, а доколку дојде до продажба на ЕЛЕМ, поскапувањето ќе достигне и 50%.

ТВ Нова известуваше и за активностите на претседателот на државата во контекст на 8-та Школа за млади лидери што се одржа во Охрид, неговото учество на 12-от Економски форум на млади лидери во Полска и др.

Известувањето за локалната самоуправа, освен за редовни активности (пливачки маратон на Велешко Езеро, расправа во Советот на Општина Битола за референдум за мигрантите), се однесуваше и на ставот на градоначалникот на Гази Баба, Тони Трајковски дека нема услови градинките да работат во втора смена, потоа за маргинални настани[2] како увидот што го изврשија скопскиот градоначалник Коце Трајановски и Петре Латиновски, градоначалник на општина Бутел, во изградбата на булеварот „Христијан Тодоровски Карпош“ која треба да заврши до крајот на годината; увидот на скопскиот градоначалник во изградбата нов забавен луна парк; увидот на градоначалникот Трајановски и градоначалникот на Општина Аеродром Ивица Коневски при опремувањето парк за миленици во Ново Лисиче.

---

[2] Според Насоките за медиумска анализа во текот на мисиите за набљудување на изборите од 2009 година, на ОБСЕ/ОДИХР, Директоратот за човекови права и Венецијанска комисија на Советот на Европа и Европската комисија активностите на властите можат да бидат „вистинити и релевантни (како национални празници или годишнини), вистинити, но маргинални (како отворање јавни објекти) или псевдонастани (настани создадени и управувани од власта со цел да се добие подобро или поширокo медиумско покривање). Цитирано во Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси
http://www.avmu.mk/images/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| Субјект | ТВ НОВА Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:25:58 | 29,53 % |
| СДСМ | 00:03:01 | 3,43 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:59 | 9,08 % |
| Други субјекти | 00:18:10 | 20,66 % |
| Влада на РМ | 00:14:27 | 16,43 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:07 | 1,27 % |
| Граѓански сектор | 00:05:41 | 6,46 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:47 | 2,03 % |
| Претседател на РМ | 00:03:02 | 3,45 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:47 | 0,89 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:17 | 2,60 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:36 | 0,68 % |
| ДИК и други органи | 00:00:39 | 0,74 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:01:37 | 1,84 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:48 | 0,91 % |
| | Вкупно: 01:27:56 | 100 % |

Од табелата со директни обраќања на субјектите во овој период, може да се забележи дека најмногу време во вестите во 19 часот, медиумот има одвоено за претставниците на ВМРО ДПМНЕ - 25 минути и 58 секунди, најчесто преку изјави на претседателот на партијата Никола Груевски и за партиски прес-конференции со обвинувања кон Владата. На второ место е методолошката категорија „други субјекти" со 18 минути и 10 секунди. Во оваа категорија освен анализите во вестите на новинарите Христо Ивановски и Наум Стоилковски евидентирани беа и изјавите на пливачот Евгениј Поп-Ацев, поглаварот на МПЦ-ОА г.г. Стефан, претседателот на Антикорупциската комисија Иван Тантуровски, извршниот директор на ВИП Димитар Ковачевски и др. На трето место следи Владата на РМ, која ги вбројува директните обраќања на премиерот Зоран Заев, изјавите на вицепремиерите Кочо Анѓушев и Бујар Османи, прес-конференциите на генералниот секретар на Владата, Драги Рашковски и владиниот портпарол Миле Бошњаковски, како и прилози во кои се прикажани директни обраќања на министрите Горан Сугаревски, Никола Димитров, Крешник Бектеши, Оливер Спасовски и Мила Царовска.

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервју*

Во овој десетдневен период на ТВ Нова беа емитувани три интервјуа. На 1 септември во 20 часот и 40 минути емитувано е интервју со Реџеп Мајдени, поранешен претседател на Албанија, еден од гостите на Школата за млади лидери на претседателот Ѓорге Иванов. Ова интервју е репризирано истиот ден во 23 часот и следниот ден во 6 и во 11 часот. ТВ Нова емитуваше и неколку реприи на интервјуа кои премиерно се изведени во рамки на вестите како анализа на одредени настани од страна на новинарот Наум Стоилковски кој е нов член во тимот на ТВ Нова. Станува збор за анализи на две теми, првата за посетата на министерот за надворешни на Република Грција Никос Коѕијас и пораките кои ги упати на средбите со владините претставници на Република Македонија, а втората тема беа поднесените предлог-закони за минимална плата, укинувањето на радиодифузна такса и за стечајците. Овие интервјуа беа прикажани вкупно шест пати на 1 и 2 август.

*Актуелно информативни програми*

Во овој десетдневен период за мониторинг, беа емитувани седум изданија на актуелно-информативната програма *„Бумбар“*, изведена како контактна емисија со директни телефонски јавувања и комуникација преку социјалната мрежа Фејсбук. Емисијата е така конципирана што гледачите гласаат со бел или црн бумбар за две зададени теми, зависно од тоа дали имаат позитивен или негативен став за нив. Од 27 август до 5 септември, темите за кои можеа граѓаните да го искажат својот личен став беа:

- *„Груевски: Граѓаните ќе плаќаат повисоки сметки за струја“, „Градинките ќе работат во две смени“ (премиера 28 август, реприза на 29 август);*
- *„Коsијас доаѓа на 31-ви август во Македонија“, „Откази и разрешувања по распишување на изборите“ (премиера 29 август, реприза на 30 август)*
- *„Димитров: Грција да го препознае новиот момент во Македонија“, „Законот за јазиците пред пратениците на 13 септември“ (премиера 30 август, реприза на 31 август);*
- *„Коsијас: Северниот сосед во НАТО и ЕУ според правилата!“, „Општините со референдуми против населување на мигранти“ (премиера 31 август,реприза на 1 септември);*
- *„Заев: Македонија да направи чекор и да стане член на НАТО“, „СДСМ бара конструктивност од ВМРО ДПМНЕ и Беса во Собранието“ (премиера 1 септември, реприза на 2 септември);*

Премиерното издание на емисијата Бумбар е во 18 часот, од понеделник до петок, со две редовни реприза околу полноќ и во 8 часот наутро следниот ден.

На 30 август, во 20 часот и 30 минути, ТВ Нова емитуваше реприза на актуелно-информативната емисија со документаристички пристап *Досие*, со Анита Петровска Рајковиќ. Тема на емисијата беа поплавите и опасноста од нив во Македонија.

На 3 септември во 15 часот и 45 минути, беше емитувано директно вклучување од прес-конференцијата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски. Првиот дел од директниот пренос беше емитуван во вестите во 15 часот на ТВ Нова. Оваа прес-конференција беше интегрално репризирана следниот ден во 11 часот и 35 минути.

На 5 септември во 17 часот и 45 минути ТВ Нова емитуваше директно вклучување од прес-конференцијата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски од партиското седиште. Тема на прес-конференцијата беа 100-те дена од формирањето на новата Влада и нејзината досегашна работа.

*Дебати*

Во периодот од 27 август до 5 септември во редовниот термин во 20 часот и 30 минути емитувани беа и две дебатни емисии на *„Отворено студио“:*

- *„Последни предизборни тактизирања“ со водителот Наум Стоилковски дебатираа аналитичарот Агим Јонуз и универзитетскиот професор Жидас Даскаловски (премиера на 4 септември, реприза на 5 септември);*
- *„Има ли конзистентност во македонската надворешна политика?“, гости во студиото беа Ангел Иванов – колумнист и поранешните амбасадори Ѓорѓи Филипов и Љупчо Арсовски (премиера на 5 септември).*

Во овој десетдневен период беа емитувани и реприза на дебатни емисии кои биле премиерно прикажани во денови опфатени со првиот и вториот извештај од предизборниот мониторинг на медиумското известување. Станува збор за изданијата на Отворено студио на темите *„Каква стратегија за бегалци ни треба“ и „Што е поголем грев, Македонија или македонизмот“.*

## ТВ ШЕЊА

### *Дневно-информативни емисии*

Од 27 август до 5 септември, колку што траеше третиот извештаен период за Дневникот на ТВ Шења што почнува во 18 часот и 55 минути, изделени се вкупно 3 часа 1 минута и 53 секунди, што влегуваат во анализата на методолошкиот предмет составен главно од актуелни општествено-политички теми и настани, опфатени со широко поставениот поим – „предизборие“. Фокусот на анализата се – „локалните избори“, па оттаму произлегоа неколку клучни белешки за уредувачкиот пристап на ТВ Шења, а пред сè - редакцискиот осврт во кој се оценува дека, имајќи ги предвид одредбите од Изборниот законик, одредени политички партии, со своите „активности на терен“, иако без јавна медиумска промоција, веќе „неформално“ всушност го имаат почнато процесот на изборната кампања. Во формалната рамка, пак, на повеќеслојното значење на поимот - „изборен процес“, медиумот ги смести вестите и извештаите за партиските најави во врска со можните градоначалнички кандидати, потоа соопштението на ДИК за верификацијата на пристигнатите независни кандидатури, за поделбите и за можните нови коалиции пред сè во т.н. „албански политички блок“, а посебно градоначалничката кандидатура на Арбен Таравари за Општина Гостивар, по неговата оставка од министерската позиција во здравствениот сектор.

Со коментаторски пристап, ТВ Шења се осврна и кон инцидентите во македонското Собрание од април годинава, поставувајќи го прашањето за кривичната и за политичката одговорност, но направи и рекапитулација на затегнатите односи помеѓу Република Србија и Република Македонија.

Сепак, од сите настани што пошироко ги тематизираат идентитетските прашања на македонската држава, ТВ Шења ја издвои билатералната средба Kosијас / Димитров, шефовите на грчката и на македонската дипломатија, поставувајќи ја, со помош на експертски ставови и размислувања, во контекст на ЕУ и НАТО аспирациите. Кон оваа проблематика беше придодадена и европска перспектива, преку изјави и извештаи од официјалните работни средби што европарламентарците Кукан, Вајгл и Флекенштајн ги оствари ја со македонски политичари.

Извештаите за отчетот од стоте дена на новата Влада, непосредната критичка прес-конференција на опозициската ВМРО ДПМНЕ, како и почетокот на парламентарните расправи во врска со Законот за употребата на јазиците, ТВ Шења ги проследи фактографски, земајќи ги предвид автентичните (со аудиовизуелни цитати пренесени) ставови на сите активни чинители во спомenатите внатрешнополитички процеси.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Други субјекти | 00:30:18 | 16,65 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:40 | 0,92 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:46 | 3,18 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:40 | 5,31 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:23 | 2,41 | % |
| Влада на РМ | 00:39:41 | 21,82 | % |
| Без субјекти | 00:22:12 | 12,20 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:43 | 4,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:44 | 7,56 | % |
| Беса | 00:06:54 | 3,80 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:04:43 | 2,59 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:57 | 4,37 | % |
| Судство | 00:06:30 | 3,57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:54 | 2,15 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:44 | 2,61 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:34 | 1,41 | % |
| СДСМ | 00:00:33 | 0,31 | % |

| | | |
|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:42 | 0,39 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:54 | 1,60 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:14 | 0,68 % |
| Собрание (Беса) | 00:00:49 | 0,45 % |
| Собрание на РМ | 00:00:49 | 0,45 % |
| ДПА-ДР | 00:01:25 | 0,78 % |
| | **Вкупно: 03:01:53** | **100 %** |

Во дадениот календарски период, не изостанаа и освртите кон последиците од пожарите низ државата, посебно поврзани со локалните еколошки катастрофи од запалените депонии во Тетово и во Струга, како и новите пожари во мавровскиот регион, при што Телевизијата се потруди да не ги изостави ни гледиштата на официјалните надлежни органи, ни ставовите на населението од споменатите региони. Пригодни, опширни прилози во повеќедневен континуитет, беа посветени за прославата на Курбан Бајрам (оттаму, пред сè, релативно големата застапеност на статистичките категории – „други субјекти / без субјекти"), но освен религиското значење и традицијата на овој датум, понуди и социјална димензија, соочувајќи го гледачот со реалната, постојна економска страна на верскиот празник, односно со пазарниот, купопродажен капацитет на обичниот граѓанин.

Вестите во низа и извештаите за почетокот на школската година, медиумот ги илустрираше со релевантни експертски ставови, пред сè на претставници од Наставничкиот пленум, за нужните, коренити промени – не само во дотраената училишна инфраструктура и опрема, туку и во содржината на одредени учебници.

Ефектите од новите Владини политики, што во извесна мерка подразбираат и ревизија на политиките на претходната извршна власт, резултираа со новинарски извештаи што ги проследуваат (ре)акциите на формално организирани групации од граѓанското општество, на поединечни граѓани, или на одредени политички партии (*на пример, одлуката на Владата да се тужат администратвците што земале плата без да работат, од една страна, и директната реакција на Антикорупциската комисија во заштита на тужените, од друга страна; владината одлука за двосменско работење на градинките, но и ставовите на СОНК, на граѓаните и на одредени локални власти; партиски критики за владината одлука да се декласифицираат договорите со странските инвеститори*). ТВ Шења со вести во низа го следеше завршниот збор од т.н. „Случај - Диво населље", потоа – меѓународната потера по Грујовски, некогашниот началник на УБК поврзан со аферата „Прислушкување", како и објавата дека по оставката на Аневски, за нов претседател на Советот на јавните обвинители е избран Коле Штерјев.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Шења | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:33 | 1,36 % |
| Граѓански сектор | 00:03:13 | 7,94 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:50 | 2,06 % |
| Влада на РМ | 00:08:10 | 20,15 % |
| Беса | 00:02:19 | 5,72 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:55 | 2,26 % |
| Други субјекти | 00:06:44 | 16,61 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:32 | 6,25 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:23 | 13,28 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:05 | 2,67 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:11 | 5,39 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:47 | 4,40 % |
| ДИК и други органи | 00:01:20 | 3,29 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:24 | 3,45 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:19 | 0,78 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:38 | 1,56 % |

| | | |
|---|---|---|
| Собрание (Беса) | 00:00:30 | 1,23 % |
| ДПА-ДР | 00:00:39 | 1,60 % |
| | **Вкупно: 00:40:32** | 100 % |

## САТЕЛИТСКИ ТВ

### ТВ 24 ВЕСТИ

#### *Дневно-информативни емисии*

Со анализата на десетте изданија од ТВ Дневникот во 20 часот, емитувани во периодот од 27 август до 5 септември, беше опфатена вкупна внатрешно-политичка информативна граѓа од 4 часа и 13 минути. Пристапот на информативната редакција на ТВ 24 е таков што изборот на основната тема – по актуелност и по содржина, обединува комплементарна низа новинарски прилози осмислени преку информативните и аналитичките карактеристики на различни новинарски жанрови: вести (во низа) и извештаи (често проширени со коментаторски обележја на – осврт, кон актуелна или кон актуелизирана, односно – сè уште важна општествено-политичка тема), а потоа, најчесто преку изјави или преку класични облици на тематски фокусирано интервју, на основната тема ѝ се придодава и стручен поглед што го дообјаснува нејзиниот повеќеслоен содржински опфат, но од етичко стојалиште функционира и како прилог кон веродостојноста на информативното јадро.

Во овие уредувачки рамки, низ посочениот календарски период, информативното внимание најнапред беше насочено кон билатералната средба помеѓу шефовите на грчката и на македонската дипломатија – Коѕијас и Димитров, што освен најавувачките вести, а потоа и вестите во низа и извештаите произлезени по официјалната средба и од медиумските одгласи во двете држави, за политиколошки предвесник го имаше и интервјуто со Емил Кирјас, генералниот секретар на Либералната интернационала и поранешен државен секретар во Министерството за надворешни работи. Во интервјуто, Кирјас изнесе свои ставови и искуства за т.н. – „меѓународен имиџ“ на Република Македонија, воопштувајќи ја конкретната билатерална средба на ниво на пример за нов можен дипломатски пристап кон решавање на македонските евро-атлантски аспирации. Во овој контекст беа сместени и прилозите за новонастанатата состојба во билатералните односи помеѓу Република Србија и Република Македонија, мотивирани од претстојното гласање за прием на Република Косово во УНЕСКО.

Известувањето за постепеното официјализирање на партиските кандидати за градоначалници, од што, пак, произлезе и потребата за редакциски осврт кон правни и кон етички дилеми за потенцијалниот двоен статус на некои од кандидатите, насловен: *„Ќе има ли оставки на актуелни функционери кои сакаат да бидат градоначалници?“*, а потоа и верфикацијата на пријавите што ДИК им ја даде на 27 независни кандидати - како теми во ТВ Дневникот (но и како основен предмет на методолошки поставената анализа на Агенцијата), падна во сенка на темата за – реалноста на можните последици од бегалската криза во однос на Република Македонија -, тема наметната поради одлуките на советите на некои македонски општини – да распишат референдум против наводните владини политики за вдомување мигранти, и тоа точно на денот на гласањето за локалните избори. Медиумскиот обид, за овој сложен тематски план - во кој влегуваат и тековни партиски интереси, и мотиви на граѓански иницијативи и глобални одлуки на т.н. - меѓународна заедница -, да се воспостави општествена претстава заснована врз проверливи податоци, ТВ 24 го спроведе преку куси вести дека граѓанската иницијатива „Будење“, низ повеќе македонски општини собира потписи, содржински и мотивски блиски со спомենатите референдуми, а потоа и преку две интервјуа: со Царовска, министерката за труд и социјална политика, која ја претстави (ја преповтори) официјалната владина политика по ова прашање, потоа со Љупчо Ристовски, од граѓанската организација „Интегра“, кој зборуваше за политичкиот, за религискиот и за социјалниот фактор на можната стратегија за справување со оваа проблематика, а дополнително, преку статистиката и мотивите за барателите на азил,

преку изјава го презентираше и ставот на Јасмин Реџепи од граѓанската организација „Легис". Имајќи ги предвид сите овие елементи на основната тема, но и правните и политичките (честопати – партиските) мотиви за „референдумите", ТВ 24 слични прашања постави и пред аналитичарите д-р Александар Спасов и Петар Арсовски, и пред партиските раководства на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ.

Статистички земено, според приказот во првата табела, покрај времето од речиси 1 час отстапено за работата на Владата, и 25-те минути за органите на државната управа и јавните претпријатија / установи, меѓу најзастапените субјекти е и опозициската ВМРО ДПМНЕ, но тоа, во овој анализиран период, се должи повеќе на низа извештаи и аналитички прилози за тековна кривично-правна ревизија на работењето на некои нејзини членови со поранешен функционерски статус, отколку на конкретни партиски активности. Повеќе од половина час е прибележано во ставката „други субјекти", која во случајов опфаќа – медиуми, лица опфатени/ангажирани во судски процеси, организатори на фестивали/манифестации, бизнисмени и претставници на независни регулаторни тела.

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:24:18 | 9,60 | % |
| Други субјекти | 00:37:04 | 14,65 | % |
| Јавно обвинителство | 00:13:21 | 5,28 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:59 | 1,18 | % |
| Влада на РМ | 00:58:43 | 23,20 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:16:04 | 6,35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:34 | 4,17 | % |
| Без субјекти | 00:22:21 | 8,83 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:28 | 4,14 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:25 | 1,75 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:24:13 | 9,57 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:20 | 0,53 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:34 | 1,41 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:48 | 1,90 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:31 | 0,20 | % |
| СДСМ | 00:04:10 | 1,65 | % |
| Судство | 00:02:50 | 1,12 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:01:41 | 0,66 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:00 | 1,19 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:09 | 0,46 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:32 | 0,61 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:37 | 0,24 | % |
| Беса | 00:00:29 | 0,19 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:29 | 0,19 | % |
| Независни кандидати | 00:01:12 | 0,47 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:14 | 0,49 | % |
| | **Вкупно: 04:13:06** | 100 | % |

Од сопоставувањето на правните норми – едни во врска со пресекот на овластувањата на Владата (органите на државата управа), наспроти овластувањата на локалната самоуправа; други, пак, со прописи од Изборниот законик, директно поврзани со различни периоди од тековната изборна процедура, односно со ограничувањето одредени дејствија на претставниците на локалната самоуправа – ТВ 24 произведе два вида критички прилози: Првиот ги проследи официјалните граѓански реакции и ставовите на локалните власти по одредени владини политики (*ставот на СОНК и на неколку скопски општини по одлуката на Владата за двосменско работење на градинките; редакцискиот осврт кон општествените и кон политичките последици од (не)најавените промени во здравствениот систем, насловен: „Кадровски*

*смени по оставката на Таравари – каде се реформите", илустриран со емотивни исповеди на непосредно засегнати граѓани*), а вториот вид прилози, пак, ја тематизираше легалноста на тековните општински инфраструктурни зафати (*конкретно - во Општина Велес, при што беа дадени ставовите на сите засегнати страни – на градоначалникот Чадиев, земен како партиски репрезент на опозициската ВМРО ДПМНЕ, потоа ставот на ДИК, но и на локалниот огранок на СДСМ*).

Голем број последователни, тематски обединети прилози, емитувани во повеќедневен период, беа направени на тема – судство / судски систем / судски процеси, а за издвојување се: интервјуто со Коле Штерјов, новиот претседател на Советот на јавните обвинители; постапката за разрешување пет судии од Судскиот совет; акценти од интервју, преземени од порталот Нова ТВ, со Ѓорѓи Лазаревски, вработен во УБК што помогнал да се обелодени аферата со т.н. „прислушкувани разговори"; меѓународната потера по Горан Грујовски, некогашниот началник на Петтата управа при УБК; низата критички интонирани информативни прилози за контроверзите околу тендерот на ЕЛЕМ што го доби фирмата „Трансмет", чие работење е под лупа на Специјалното јавно обвинителство; спорот за тужените административци што не работеле а земале плата, отворен помеѓу Рашковски, актуелниот генерален секретар на Владата, и Антикорупциската комисија; редакциски осврт кон кривичната пријава за злоупотреба на службената позиција, што Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување, ја покренале против Спасов, „најмладиот министер" во претходната македонска Влада.

Забележителен новинарски информативен ангажман во периодот од 27 август до 5 септември беше постигнат преку прилози за општествените рефлексии од новите економски политики на Владата (заокружен, во последниот ден од анализата – 5 септември, со извештај од прес-конференцијата за отчетот по 100 работни дена), но и за (не)ефикасноста од работењето на одредени органи на државната управа. Ова посебно се однесува на жанровски комбинираните прилози направени по повод одлуката на Владата да се декласифицираат договорите со странските инвеститори, односно - интервјуто со д-р Марјан Петрески, професорот по економски науки, а потоа и контекстуално презентираните изјави на Виктор Мизо, поранешниот директор на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони, и на опозициската ВМРО ДПМНЕ. Во поширок контекст на – (не)ефикасноста при (не)спроведувањето владини политики, кон крајот на десетдневниот анализиран период ТВ 24 направи и редакциски осврт, поткрепен со експертски ставови и проценки, за кусата министерска кариера на Арбен Таравари, и неговата одлука да се кандидира за градоначалник на Гостивар.

Почетокот на школската година, освен информативно според пригодата, ТВ 24 го отслика и преку владиниот став дека темелните промени во образовниот систем ќе се спроведуваат од наредната учебна година, потоа преку интервјуто со Душко Стојановски, претставник на „Наставничкиот пленум", и преку изјави на повеќе претставници од стручната јавност што кон оваа тема го придодадоа посебното укажување дека делови од наставниот материјал за основно образование треба содржински да се ревидираат, посебно во областа на граѓанското образование во кое се погрешно поставени дефинициите за одредени политички поими и концепти.

Со вести во низа и со непосреден репортерски увид беше прикажана - „хидричната епидемија", предизвикана од дефект на водоводот Гевгелија – Валандово, што, пак, тематски коинцидираше со барањето на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за итни стручни вработувања.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:20 | 4,35 | % |
| Влада на РМ | 00:15:57 | 20,81 | % |
| Други субјекти | 00:11:09 | 14,55 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:15 | 9,46 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:59 | 7,81 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:18 | 1,70 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:13:27 | 17,55 | % |
| Јавно обвинителство | 00:04:49 | 6,28 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:15 | 6,85 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:35 | 2,07 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:01:27 | 1,89 | % |
| Судство | 00:00:24 | 0,52 | % |
| Локална самоуправа (ГРОМ) | 00:00:49 | 1,07 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:30 | 0,65 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:24 | 1,83 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:22 | 0,48 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:00 | 1,30 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:39 | 0,85 | % |
| | **Вкупно: 01:16:39** | 100 | % |

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Во актуелно-информативната емисија „24 анализа", во периодот од 27 август до 5 септември 2017 година (покрај бројните репризи на интервјуа наведени во претходниот извештај), емитувани се следниве интервјуа: Емил Кирјас, генералниот секретар на Либералната интернационала, на основна тема – меѓународната политика и угледот на Република Македонија; д-р Маријан Петрески, универзитетски професор, на тема – Декласификација на договорите со странските инвеститори; Екатерина Захариева, вицепремиерка на Република Бугарија, на тема – билатералните односи Бугарија – Македонија; Коле Штерјев, новиот претседател на Советот на јавните обвинители; Мила Царовска, министерката за труд и социјална политика, на тема – Државната политика / стратегија за справување со бегалската криза.

Во емисијата „Неделно интервју", по повод почетокот на учебната година, за старите и за новите приобреми во образовниот систем зборуваше Енвер Ајдини, претставник на „Наставничкиот пленум".

*Дебати*

Две изданија на емисијата „24 Анализа", беа реализирани како дебата: Едното отвори прашања за состојбите на здравствениот систем во Македонија, а гостуваа - Арбен Таравари, (тогаш сè уште) министер за здравство, д-р Калина Гривчева Старделова, претседателката на Лекарската комора, проф. д-р Сашо Стојчев, поранешен директор на ГОБ „8 септември", и д-р Дејан Ставриќ, очен хирург; другото издание, пак, отвори актуелна политичка дебата за 100-те дена Влада и за кандидатите за градоначалници, а дебатираа - Алберт Муслиу, политички аналитичар, Александар Спасов, универзитетски професор, и Драган Лазаров, дел од тимот за реформи во ВМРО ДПМНЕ.

*Актуелно-информативни програми*

Концептот на - отворено студио, за емисијата „Очи во очи", беше искористен за јавна дебата по следниве актуелни општествено-политички теми:

- Исплатата на 833 илјади евра за државни службеници што не доаѓале на работа;
- Ќе се деблокираат ли реформите во судскиот систем, по оставките и по разрешувањата во Јавното обвинителство?
- Локални избори: Каков градоначалник сакате?
- Ќе има ли затоплување на билатералните односи со Грција, по посетата на Коѕијас?
- Референдуми против мигрантите – политикантство или одбрана на земјата од бегалците?
- Почетокот на учебната година;
- Сто дена нова Влада – што е ветено / што е исполнето;

За предметот на миниторингот, емитувани се две важни изданија на емисијата „Мој термин": првата на тема – оставката на Арбен Таравари од позицијата министер за здравство и неговата кандидатура за градоначалник на Гостивар, а втората на тема - избор помеѓу партии или личности, што ќе биде пресудно на Локалните избори?

## ТВ СОНЦЕ

### *Дневно-информативни емисии*

Предмет на анализа и во третиот извештаен период останува централното дневно-информативно издание од 18 часот. Вкупното времетраење на анализираните прилози коишто се однесуваат на внатрешните општествено-политички случувања, обработени преку најчестите информативни жанрови, вест, вест во низа, извештај, во периодот од 27 август до 5 септември, е 2 часа 28 минути и 42 секунди.

Според застапеноста на субјектите, временски и во овој извештаен период доминира Владата, заземајќи речиси 30% од вкупното време на анализираните прилози. Тематски гледано застапеноста се должи пред се на четири настани за коишто медиумот известуваше во вестите: посетата на грчкиот министер за надворешни работи на нашата земја и средбите со Димитров и другите претставници од Македонија, средбата на министерката за одбрана Радмила Шекеринска со нејзината колешка од Словенија, учеството на министерот за надворешни работи Никола Димитров на самитот во Блед – Словенија и посетата на премиерот Зоран Заев на Израел. Медиумот за дел од овие настани известуваше во континуитет, неколку денови по ред, од најавата за настаните со темите кои ќе бидат во фокусот на разговорите, до самите средби со акценти од истите преку директните обраќања на владините претставници. Другиот дел од времето со застапеноста на Владата го чинат известувањата за: проблемот со фиктивните вработувања на претходната Влада во Генералниот секретаријат на Владата, продолжениот рок за легализација на дивоградбите, поставувањето тројазични табли од страна на Министерството за здравство во Клинички центар, динамиката на реализација на владиниот план 3-6-9, користењето бесплатен одмор на семејствата со ниски приходи, одобрените нови вработувања во образованието, исплатата на заостанати долгови од страна на Министерството за земјоделие, трендот на опаѓање на бројот на учениците во Македонија, прес конференцијата по повод 100 дена Влада, разговорите Министерство за финансии – ММФ и др.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Претседател на РМ | 00:01:58 | 1,33 | % |
| СДСМ | 00:06:45 | 4,54 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:55 | 3,98 | % |
| Други субјекти | 00:11:06 | 7,46 | % |
| Без субјекти | 00:01:56 | 1,30 | % |
| Влада на РМ | 00:44:24 | 29,86 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:12 | 2,82 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:54 | 0,61 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:47 | 8,59 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:47 | 7,25 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:11:36 | 7,80 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:59 | 1,33 | % |
| АРМ | 00:00:44 | 0,49 | % |
| Македонска алијанса | 00:13:39 | 9,18 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:01 | 0,68 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:28 | 0,98 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:16 | 4,89 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:26 | 3,65 | % |
| Собрание (позиција) | 00:00:43 | 0,48 | % |
| Беса | 00:00:32 | 0,36 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:32 | 0,36 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:03 | 2,05 | % |
| | **Вкупно: 02:28:42** | 100 | % |

Ова е трет извештај по ред во којшто второзастапен субјект според отстапеното време во вестите на ТВ Сонце е политичкиот субјект Македонска алијанса. Како и претходно, во анализираните десет дена пренесени се политичките ставови по одредени прашања (барањето на Лабуристичката партија од Австралија до тамошните власти за признавање на Македонија под нејзиното уставно име, посетата на грчкиот министер за надворешни работи, Никос Коѕијас на нашата земја, Законот за употреба на албанскиот јазик, кој влезе во собраниска процедура) на претседателот на партијата Македонска алијанса, Ѓорѓија Џорџ Атанасоски, којшто е и сопственик на телевизијата.

Четири субјекта имаат временски приближно еднаква застапеност, од по 11 – 12 минути: органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи, амбасадори/меѓународни организации/странски политичари, граѓански сектор и други субјекти. Застапеноста на претставниците на органите на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи, се должи на прилозите поврзани со: воведувањето двосменско работење во повеќе институции, прес-конференцијата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за проблемите со коишто се соочува во своето работење, информациите од Управата за хидрометеоролошки работи и др.

Посочените средби на владините претставници со странските политичари (Коѕијас, министерка за надворешни работи на Словенија, израелскиот премиер Нетанјаху) го чинат времето на субјектот Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари.

Медиумот извести и за протестите на граѓанските здруженија на денот на посетата на грчкиот министер за надворешни работи, активностите на македонските здруженија за организирање на средба на децата бегалци од Егејска Македонија, активностите на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници во насока на решавање на проблемите со ниските примања на новинарите, активностите на НВО во врска со референдумите во Југоисточна Македонија поврзани со работата на новоотворените рудници, прилози посветени на граѓанскиот сектор.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| Субјект | ТВ Сонце Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:16:54 | 50,83 % |
| Граѓански сектор | 00:02:32 | 7,62 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:06 | 6,32 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:48 | 8,42 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:26 | 4,31 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:29 | 10,48 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:19 | 3,96 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:42 | 5,11 % |
| Други субјекти | 00:00:59 | 2,96 % |
| | Вкупно: 00:33:15 | 100 % |

Половина од вкупното време на директните обраќања е отстапено за обраќањата на владините претставници (16 минути и 54 секунди).

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервјуа</u>*

Репризирано е интервјуто со директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски за планираните активности на Агенцијата, премиерно емитувано во рамки на претходниот извештаен период (од 17 до 26 август) во емисијата „Арена", којашто е од областа на спортот.

## ТВ КАНАЛ 5 ПЛУС

### *Дневно-информативни емисии*

Од 27 август до 5 септември, на програмата на ТВ Канал 5 Плус не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со критериумите од Методологијата.

### *Други програми*

Во споменатиот календарски период земен за предмет на анализа, евидентирани беа само реприза на утринската програма „Здраво Македонијо", од која методолошки се издвоени само сегментите оформени како актуелно-информативна, контактна програма.

Темите на тие сегменти се наведени во извештајот за програмата на ТВ Канал 5.

## ТВ СИТЕЛ 3

### *Дневно-информативни емисии*

На ТВ Сител 3 во десетдневниот период од 27 август до 5 септември 2017 година не се емитуваа вести како посебна информативна целина.

### *Други програми*

Во периодот на анализата, медиумот секојдневно ја репризираше утринската контактна програма „Ја сакам Македонија" премиерно емитувана на ТВ Сител. Констатациите за делот именуван - „На дневен ред", концепциски реализиран како „отворено студио", важат како што се дадени во извештајот за ТВ Сител.

## НАША ТВ

### *Дневно-информативни емисии*

Наша ТВ не емитува сопствени дневно-информативни емисии.

### *Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

Реактуелизирано е интервју со м-р Марио Чачиќ, оперативен директор на Универзитетот за туризам и менаџмент, коешто премиерно е емитувано во јуни 2016 година. Тема на разговорот се бегалската криза и миграциите. Разговорот е репризиран уште еднаш во текот на извештајниот период.

# РАДИО

## КАНАЛ 77

### *Дневно-информативни емисии*

За периодот од 27 август до 5 септември 2017 година, освен флеш-вестите, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со Методологијата.

### *Посебни информативни емисии*

Анализирано е двочасовното издание на актуелно-информативната емисија „Стадион", емитувано на 2 септември 2017 година. Слушателите се произнесуваа за партиските предлози за градоначалници (*мотивот за „отвореното студио", од темата е извлечен и преку тонски цитати од Заев, лидерот на владејачката СДСМ, од Мицковски, генералниот секретар на опозициската ВМРО ДПМНЕ, и преку телефонски разговор со Стевчо Јакимовски, актуелниот градоначалник на Карпош*), потоа - за општествено-политичката (не)издржаност на најавените локални референдуми, како одбрана од заканата на т.н. „бегалска криза" по Репубика Македонија, и за билатералната дипломатска средба Коѕијас – Димитров.

## РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

### *Дневно информативни емисии*

Во третиот извештаен период, предмет на анализа кај Радио Слободна Македонија беа шест изданија на централниот „Дневник" од 16 часот и 30 минути. Помалиот број изданија се должи на фактот што вестите не се емитуваа за викенд и за празник, па анализирани беа прилози со траење од вкупно 1 час и 5 секунди. Иако ова време не го достигнува методолошкиот праг за извлекување заклучоци (најмалку 2 часа), неопходно е да се посочи оти медиумот не известува за ниту една друга политичка партија освен за ВМРО ДПМНЕ, за чии активности во и надвор Собранието се издвоени безмалку 33 минути.